Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT
Republic of Macedonia
OMBUDSMAN



# ВКЛУЧЕНОСТ НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Извештај од истражување

# ВКЛУЧЕНОСТ НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Извештај од истражување

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

373.24:376-053.2-056.26/.36(497.7)(047.31)
376-053.2-056.26/.36:373.24(497.7)(047.31)

ВКЛУЧЕНОСТ на децата со попреченост во предучилишното образование : извештај од истражување. - Скопје : Народен правобранител на Република Македонија, 2018. - 99, 99 стр. : илустр. ; 25 см
Насл. стр. на припечатениот текст: Përfshirja e fëmijëve me aftësi të kufizuara në arsimin parashkollor : raporti i hulumtimit. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и алб. јазик. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4715-50-4

а) Деца со попреченост - Предучилишно образование - Инклузија - Македонија - Истражувања

COBISS.MK-ID 108657418

Овој документ ги опфаќа активностите спроведени од страна на Народниот правобранител и Отворете ги прозорците, со финансиска поддршка од Европска Унија и УНИЦЕФ. Ставовите изразени во овој документ, не треба на кој било начин, да се сметаат за одраз на официјалниот став на УНИЦЕФ или на Европската Унија. Европската Унија не е одговорна за било каква употреба што може да се направи со информациите содржани во документот.

Проектот е финансиран од Европската Унија

# СОДРЖИНА

7 ВОВЕД

10 ЦЕЛИ И ОПФАТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

- 11 Предмет и цели на истражувањето
- 12 Дефинирање на користените термини
- 12 Карактеристики на примерокот

18 МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

- 19 Истражувачки методи
- 20 Временска рамка

22 ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

- 23 Анализа на правната регулатива

30 КЛУЧНИ НАОДИ ОД ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

- 31 Застапеност на деца со попреченост во предучилишното образование
- 41 Инклузивност на градинките
- 50 Искуства и практики
- 56 Дополнителни коментари
- 57 Приказни од терен

60 ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

66 ПРЕПОРАКИ

70 ПРИЛОЗИ



# ВОВЕД

**Заштитата на децата** е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика.[1]

Згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до шест години живот, односно до вклучување во основото образование. Во земјата предучилишното воспитание се спроведува во предучилишни установи, односно детски градинки. Детските градинки при приемот, згрижувањето и воспитанието на децата се должни да обезбедат минимум стандард за секое дете под еднакви услови без присуство на каква било форма на дискриминација. Потребата во овие установи, а и во целиот образовен систем генерално, е да се обезбедат услови за да се развијат максимално потенцијалите на секое дете.

Раниот детски развој е критички важен период за формирање на личноста на детето. Во светот, особено во последните години, се создаде корпус знаење во области како психологија, неуронаука, епигенетика и други дисциплини, што го истакнува суштинското

1 http://www.mtsp.gov.mk/detska-zashtita-ns_article-zgrizuvanje-i-vospitanie-na-deca-od-preducilishna-vozrast.nspx

значење на периодот меѓу три и петгодишна возраст за целокупниот развој на детето. Токму тој период, кога мозокот најмногу се развива, е клучен за когнитивните и некогнитивните способности со кои ќе се стекне детето[2].

Оттаму значењето на градинките, и тоа не само на нивната згрижувачка функција, туку поголем акцент на воспитната задача, се согледува во нивното вклучување во системот на воспитание и образование. Градинките како дел од редовниот воспитно образовен систем ќе треба да овозможат активно и рамноправно учество за сите деца.  За да можат рамноправно да земат учество во образовниот процес, децата со попреченост имаат право на индивидуална поддршка и на индивидуализиран пристап.

Со цел да ја согледа состојбата со вклученоста на децата со попреченост во детските градинки и да анализира дали условите и вложените напори кои се превземени осигуруваат соодветно згрижување и воспитание, Народниот правобранител согласно Годишната програма за работа  спроведе истражување, кое е дел од континуираните напори да ја следи состојбата со вклученоста на децата со попреченост во образованието и во општеството воопшто. Истото се надоврзува на досега спроведените истражувања на Народниот правобранител за вклученоста на децата со посебни потреби во редовното основно и  средно образование, спроведени меѓу 2015 и 2017 година, а има за цел да обезбеди препораки кои ќе осигураат еднаков и квалитетен пристап и престој за сите деца во детските градинки.

2 Центарот на Харвард за развој на детето (Harvard Centre on the Developing child, https://developingchild.harvard.edu/) објавува бројни трудови во оваа област.



# ЦЕЛИ И ОПФАТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# ПРЕДМЕТ И ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Предмет** на ова истражување на потребите е вклученоста на децата со попреченост во предучилишното образование во земјата.

Разбирањето на вклученоста (инклузијата) тргнува од пристапот заснован на човековите права и подразбира обезбедување еднакви можности за децата со попреченост и нивно активно учество на рамноправна основа со сите други деца. Појдовната основа за ова разбирање на попреченоста се вредностите и принципите определени со релевантни меѓународни документи, во прв ред Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и Декларацијата на УНЕСКО од Саламанка за инклузивно образование.

Основна цел на ова истражување е да ја прикаже актуелната состојба со вклученоста на децата со попреченост во јавните установи за згрижување деца – детски градинки, пристапноста и достапноста на детските градинки за децата со попреченост , актуелната состојба со правната рамка за остварување на ова право, разбирањето, перцепцијата , како и практикувањето на инклузијата на децата со попреченост во овие јавни  установи во земјата.

Во тој контекст, истражувањето се спроведе со цел:

| | |
|---|---|
| 1 | да се обезбеди преглед на опфатот на деца со попреченост во предучилишните институции, |
| 2 | да се утврди подготвеноста на предучилишните установи и предизвиците со кои се среќаваат при обезбедувањето еднакви можности за вклучување на сите деца, |
| 3 | да се согледаат ставовите и сфаќањата на кадарот кој работи во предучилишните установи во однос на разбирање и прифаќање на концептот на инклузивност, и |
| 4 | да се идентификуваат потребите и можностите за натамошно подобрување на инклузивноста на предучилишното образование кај нас. |

# ДЕФИНИРАЊЕ НА КОРИСТЕНИТЕ ТЕРМИНИ

За потребите на ова истражување, под поимот **„деца со попреченост“** се подразбираат децата кои се соочуваат со некој од следниве типови попреченост:

- физичка попреченост (потешкотии при движењето на рацете, нозете или целото тело, церебрална парализа, употреба на помагала за движење како количка, одалки и сл.),
- интелектуална попреченост (потешкотии во интелектуалното функционирање),
- оштетување на видот (кои се од потежок карактер и му задаваат потешкотија на детето да се вклучи во стандардните активности),
- оштетувања на слухот и/или говорот (кои се од потежок карактер и му задаваат потешкотија на детето да се вклучи во стандардните активности),
- комбинирана попреченост (комбинација од повеќе видови попреченост),
- аутизам (аутистичен спектар на нарушувања), и
- други слични состојби кои му задаваат потешкотија на детето да се вклучи во секојдневните активности (хиперактивност, дефицит на внимание) итн.

**„Предучилишна установа “** за потребите на ова истражување се користи за да се означат градинките во Македонија, исклучувајќи ги приватните градинки.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИМЕРОКОТ

Со трите применети методи на теренско истражување – анкета, интервју и фокус групи, беа опфатени **примероци** со следниве карактеристики во однос на опфатот и структурата:

Со **анкетата**, преку анкетниот прашалник кој беше доставен до сите јавни установи – детски градинки, со анализа беа опфатени 89 проценти, односно 58 градинки, од вкупно 65, кои одговориле на прашалникот. Во оваа бројка не се вклучени приватните градинки.[3]




**ПРИКАЗ 1:** **Број и процент на предучилишни установи опфатени со анкетното истражување**

Во тековната 2017/18 година, во градинките кои доставиле одговор на прашалникот биле вклучени вкупно 34.700 деца. Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2017 година (состојба на 30 септември), вкупниот број деца во установите за згрижување и воспитание на деца - детски градинки /центри за ран детски развој изнесува 35.286. Од овој број, 34.155 се деца кои се вклучени во јавните градинки кои беа опфатени во истражувањето[4]. Дополнителни податоци за бројот деца вклучени во градинките за тековната 2018 година сѐ уште не е објавен (ваков податок не е достапен на веб-страницата на Државниот завод за статистика, со оглед на тоа што заводот ги прикажува овие податоци во септември со стартот на новата учебна година).

Градинките кои одговориле на прашалникот (58) се лоцирани во сите осум плански региони во земјата: најголем дел од градинките се од скопскиот регион (17), а најмалку одговорени прашалници се добиени од полошкиот регион (2). Ваквата застапеност, која е во корист на градинките од Скопје, се должи на фактот дека најголем број градинки во земјата се лоцирани во скопскиот регион.

3 Анкетниот прашалник не го пополнија следните градинки: „Гоце Делчев“, Пробиштип; „Распеана младост“,Скопје; „Снежана“, Скопје; „8 Април“, Скопје; „“Филизи“, Скопје; „Јаболчиња“, Јегуновце и „Пранвера“, Врапчиште

4 Извор: Државен завод за статистика, Статистики по области: Социјална и здравствена заштита, http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=25, посетено на: 16.07.2018 година.




**ПРИКАЗ 2:** **Распределба по плански региони на градинките кои одговориле на анкетниот прашалник**

Со **интервјуата** беа опфатени градинки, избрани од страна на истражувачкиот тим во консултација со Народниот правобранител и УНИЦЕФ. Изборот беше направен врз основа на добиените одговори од анкетните прашалници, при што беа земени предвид неколку фактори:

- планскиот регион во кој се наоѓа градинката (беше вклучена барем по една градинка од секој плански регион во земјава),
- опфатот на децата со попреченост вклучени во градинка, односно беа опфатени градинки во кои имаат вклучено, но и градинки каде нема вклучено деца со попреченост, и
- јазик на кој се спроведуваат активностите во градинките.

Беа опфатени градинки од сите плански региони во земјата.

| Плански регион | СК | И | СИ | ВР | ПЕ | ПО | ЈЗ | ЈИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на интервјуирани градинки | 8 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | **16** |

**ПРИКАЗ 3:** **Број на интервјуирани градинки по плански региони**[5]

5 СК-Скопски регион; И-Источен; СИ-Североисточен; ВР-Вардарски; ПЕ-Пелагониски; ПО-Полошки; ЈЗ-Југозападен; ЈИ-Југоисточен

Во однос на застапеноста на деца со попреченост, според претходно доставените одговори на анкетните прашалници, од интервјуираните 16 градинки, единаесет (11) вклучуваат деца со попреченост, а пет (5) градинки не вклучуваат.

Беа спроведени четири **фокус групи** во кои беа опфатени вкупно 39 лица од три различни групи: раководни лица на градинките, родители на деца со попреченост, како и воспитувачи и претставници на стручните служби на градинките. Изборот на учесниците во фокус групите беше направен од страна на истражувачкиот тим, во консултации со Народниот правобранител и УНИЦЕФ, при што тенденцијата беше да се обезбеди соодветна застапеност според неколку различни карактеристики.

Во фокус групата на раководни лица на градинките имаше шестмина испитаници, сите од женски пол. Пет од нив, пред да бидат на раководна функција работеле како воспитувачки и се со долгогодишно работно искуство во областа. Една од учесничките, пред да биде назначена за директорка работела како правник во градинката. Пет испитанички беа од скопскиот, а една испитаничка беше од источниот плански регион. Во периодот на спроведување на фокус групите потешко можеше да се обезбедат учесници од оваа група поради годишни одмори и затоа што се вршеа промени на раководни лица.

**Втората Фокус група беше со родители на деца со попреченост, и во истата беа** опфатени осум испитаници, сите од женски пол.

Пет од испитаничките беа мајки на деца со знаци на аутизам и аутистичен спектар на однесување, една мајка на дете со комбинирана попреченост (физичка попреченост и оштетување на видот), една на дете со интелектуална попреченост (Даунов синдром), а една учесничка беше мајка на дете со комбинирана попреченост што е последица на редок синдром.

Пет родители опфатени во оваа фокус група имаат деца кои во моментов се вклучени во градинка, а тројца се родители чии деца неодамна се запишани во образование (две деца се вклучени во посебно училиште, а едно од децата во редовно училиште).

Шест од испитаничките беа од скопскиот, една од вардарскиот и една од источниот плански регион.

**Фокус групите на воспитувачи и претставници на стручните служби** опфати 25 испитаници распоредени во две групи, при што,

24 испитаници беа од женски пол и еден испитаник од машки пол. Во однос на стручниот профил, 14 од нив работеа како стручни соработници - осум дефектолози, двајца логопеди и по исто толкав број педагози и психолози, додека останатите 11 учесници беа воспитувачи.

Деветмина од испитаниците беа од скопскиот, три од источниот, пет од вардарскиот, двајца од пелагонискиот регион, двајца од полошкиот и по двајца испитаници од североисточниот и југоисточниот плански регион.

Следува табеларен приказ на учесниците на фокус групите по одредени параметри:

| Плански регион | СК | И | СИ | ВР | ПЕ | ПО | ЈИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на учесници на фокус групи | 20 | 5 | 2 | 6 | 2 | 2 | 2 | **39** |

**ПРИКАЗ 4: Број на учесници на фокус групи по плански региони**[6]

| Целна група | РЛ | РО | ВО | ПЕ | ПС | ДЕ | ЛО | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на учесници на фокус групи | 6 | 8 | 11 | 2 | 2 | 8 | 2 | **39** |

**ПРИКАЗ 5: Број на учесници на фокус групи според целни групи**[7]

6 СК-Скопски регион; И-Источен; СИ-Североисточен; ВР-Вардарски; ПЕ-Пелагониски; ПО-Полошки;ЈИ-Југоисточен

7 РЛ-Раководни лица; РО-Родители; ВО-Воспитувачи; ПЕ-Педагози; ПС-Психолози; ДЕ-Дефектолози;ЛО-Логопеди



# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# ИСТРАЖУВАЧКИ МЕТОДИ

Истражувањето е спроведено со примена на методите: канцелариско истражување, анкета, интервју и фокус група.

Канцелариското истражување опфати преглед на правната рамка и јавните политики кои се однесуваат на вклучување на децата со попреченост во предучилишното образование. Појдовна точка во анализата беа одредбите и стандардите пропишани со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, Конвенцијата за правата на детето и степенот на усогласеност на националната правна рамка со овие два документи. Листата документи опфатени со канцелариското истражување е приложена во прилог 1.

Помеѓу предучилишните установи беше спроведена анкета во врска со нивното разбирање, искуства (практики) и ставови (како детски установи) поврзани со вклучувањето деца со попреченост. За анкетата беше изготвен анкетен прашалник, со комбинација од затворени, полуотворени и отворени прашања, приложен во прилог 2.

Беа спроведени полуструктурирани интервјуа со одговорни лица од 16 предучилишни установи, со опфат на сите плански региони во земјава. Интервјуата беа направени во самите градинки и овозможија прибирање подетални информации и појаснувања за разбирањата, искуствата и ставовите на градинките кон инклузијата (за што веќе беа добиени информации преку анкетата). Прашањата користени во интервјуата се приложени во прилог 3.

Преку фокус групи беа опфатени четири категории испитаници: раководни лица, воспитувачи, претставници на стручните тимови на градинките и родители на деца со попреченост. Вниманието беше насочено кон идентификување на искуствата на испитаниците, како и предизвиците, потребите и можните начини за натамошно зајакнување на инклузивноста на предучилишното образование. Прашањата обработени во фокус групите се приложени во прилог 4.

## ВРЕМЕНСКА РАМКА

Истражувањето беше спроведено во периодот мај – јули 2018 година, согласно следната динамика:

- канцелариско истражување: мај – јули;
- анкетно истражување: мај - јуни;
- посети на училишта и интервјуа со претставници на училиштата: јуни - јули; и
- фокус групи: јули.

По обработката на прибраните податоци, извештајот од истражувањето беше финализиран во август 2018 година.



# ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ – ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

# АНАЛИЗА НА ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА

Меѓународната правна рамка и стандардите во областа на инклузивното образование ги одредуваат: Конвенцијата за правата на лицата со попреченост[8] (КПЛП), Конвенцијата за правата на детето (КПД)[9] и Изјавата на УНЕСКО за образование засновано на посебни потреби од Саламанка (понатаму: Изјавата од Саламанка[10]). Република Македонија ги има ратификувано овие конвенции, со што согласно Уставот, овие меѓународни документи, поточно нивните одредби се дел од правниот поредок на државата. Кај нас сè уште предучилишното воспитание не е формализирано и издигнато на ниво на образование.

Овие документи тргнуваат од гледиштето дека секое дете има свои индивидуални потреби. Поради тоа, единствено примената на индивидуализиран пристап во образованието овозможува максимално да се развијат потенцијалите и да се обезбедат еднакви образовни можности за сите деца. Индивидуализираниот пристап значи дека образовниот систем треба да го прилагодува целокупниот процес на настава и учење кон потребите и способностите на секое дете одделно. За да можат рамноправно да земат учество во образовниот процес, децата со попреченост имаат право и на индивидуална поддршка.

КПЛП во членот 7 ги обврзува државите на децата со попреченост да им ги обезбедат сите човекови права „на еднаква основа со сите други деца“. Одлучувањето треба да биде засновано на „најдобриот интерес на детето“. Член 9 предвидува пристап на лицата со попреченост „на еднаква основа со другите“ до, меѓу другото, училиштата, информациите, интернетот и новите информациско-комуникациски технологии. Член 24 од КПЛП се однесува токму на образованието, обврзувајќи ги државите „да не ги ис-

---

8 Види: Ibid1

9 Види: Конвенција за правата на детето, Достапно на https://www.unicef.org/magic/media/documents/CRC_macedonian_language_version.pdf.

10 Види: Изјавата на УНЕСКО за образование засновано на посебни потреби од Саламанка (Изјавата од Саламанка) Достапно до https://www.unesco.de/fileadmin/medien/Dokumente/Bildung/Salamanca_Declaration.pdf

клучуваат по основ на попреченост“ децата и младите со попреченост „од општиот образовен систем“. Државите се должни да обезбедат „разумно прилагодување кон индивидуалните потреби“ и „ефикасна индивидуална поддршка“ на децата со попреченост „во рамките на општиот образовен систем“. Наставата треба да се спроведува на „најсоодветни јазици, начини и средства за комуникација за поединецот“, поименично спомнувајќи ги, меѓу другото, Браевата азбука и знаковниот јазик. Истиот член ги обврзува државите да обучат и оспособат едукатори за изведување индивидуализирана поддршка на децата со попреченост, „вклучувајќи наставници со попреченост“. Треба да се спомене дека член 31 ги повикува државите-потписнички да „собираат соодветни информации, вклучувајќи и статистички и истражувачки податоци, со цел да обезбедат формулирање и спроведување на политиките за спроведување на оваа Конвенција“.

Изјавата од Саламанка пропишува дека децата со попреченост „мора да имаат пристап до редовното образование кое треба да ги задоволи нивните потреби применувајќи педагошки пристап насочен кон детето“. Изјавата нагласува дека вклучувањето на децата и младите со попреченост во редовното образование треба да биде правило, а не исклучок: „Фундаментален принцип на инклузивното образование е дека сите деца треба да учат заедно, секогаш кога тоа е можно, без оглед на потешкотиите и различностите кои би можеле да постојат“.

Во КПД на децата со попреченост е посветен член 23, кој предвидува дека „детето со интелектуална или физичка попреченост треба да ужива полн и достоинствен живот, во услови кои го обезбедуваат неговото достоинство, ја поттикнуваат самостојноста и го олеснуваат активното учество на детето во заедницата“. Истиот член го признава „правото“ на децата со попреченост „на посебна нега“ и на, меѓу другото, „ефикасен пристап до образование, обука, подготвување на што е можно поцелосна општествена интергација и негов личен развој “.

Клучниот документ во областа на предучилишното образование во земјата е Законот за заштита на децата[11]:

11 Закон за заштита на децата (Консолидираниот текст на Законот за заштита на децата ги опфаќа: Законот за заштита на децата („Сл. весник на Република Македонија“ бр.23/13; Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.12/14); Законот за изменување и

Во примената на одредбите од овој закон се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување други социјални права и слободи на детето (член 4).

Според, член 11, став 1, од овој закон, како дете, во смисла на овој закон, се смета секое лице до наполнети 18 години живот, како и „лица со пречки во телесниот и менталниот развој до наполнети 26 години живот“. Овој закон ја забранува дискриминацијата по основ на попреченост, но ја дефинира како онеспособеност (член 12, став 1): „Се забранува секоја форма на дискриминација врз основа на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, културна или друга припадност, имотната состојба, **онеспособеноста**, раѓањето или друг статус на детето или на неговиот родител или законски старател“.

Член 54 од законот предвидува дека згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до шест години живот, односно до вклучување во основото образование.

Член 60, став 1, обезбедува право на запишување во градинката врз основа на пријави преку целата година; став 8, пак, обезбедува обврска родителите при приемот на детето во градинката да при-

дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“бр.44/14); Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.144/14); Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл. весник на Република Македонија“ бр.10/15); Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.25/15) и Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.150/15), во кои е означено времето на нивното влегување во сила)

ложат потврда од матичниот лекар за здравствената состојба на детето, односно „наод и мислење од соодветна стручна институција за дете со пречки во менталниот развој или телесна попреченост“.

Дополнително, член 64, став 2, ги пропишува нормативите за бројноста на групите во согласност со возраста , при што определува дека  работата во детската градинка се организира во зависност од возраста на децата во хомогени групи, и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | до 12 месеци | од шест до осум деца; |
| 2 | над 12 до 18 месеци | од осум до десет деца; |
| 3 | над 18 месеци до две години | од десет до 12 деца; |
| 4 | над две до три години | од 12 до 15 деца; |
| 5 | над три до четири години | од 15 до 18 деца; |
| 6 | над четири до пет години | од 18 до 20 деца и |
| 7 | над пет до шест години | од 20 до 25 деца. |

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во зависност од возраста на децата, може да се организира:

| 1 ХЕТЕРОГЕНА ГРУПА | |
|---|---|
| до две години | од десет до 12 деца и |
| од две години до поаѓање во основно училиште | од 18 до 20 деца; |

| 2 КОМБИНИРАНА ГРУПА | |
|---|---|
| од 12 месеци до поаѓање во основно училиште | од 15 до 20 деца; |

**3 ГРУПА ДЕЦА СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ**

од пет до осум деца и

**4 ГРУПА ДЕЦА ОД ШЕСТ ГОДИНИ**

односно од поаѓање во основно училиште до десет години ▶ од 20 до 30 деца.

Кога овие две одредби ќе се погледнат заедно јасно е дека родителот е обврзан за своето дете со попреченост да достави соодветна документација за видот и степенот на попреченост при упис во градинката, но и градинката е обврзана да обезбеди соодветни услови и нормативи, кои пред сè, се однесуваат на бројноста на групите. Законот дава можност во рамките на градинката да се формира и група за деца со попреченост, но оваа одредба воопшто не е во насока на инклузија, односно вклучува само физичка интеграција. Дополнително, ставот 4 од истиот член прецизира: „во групите може да се вклучи едно дете со лесни пречки во менталниот развој или телесна попреченост, во кој случај бројот на децата во групите се намалува за две деца“.

Членот 65 е посветен исклучиво на децата со попреченост и во истиот е определено дека: Детска градинка организира згрижување и воспитание на деца со пречки во менталниот развој или телесна попреченост, сообразно на видот и степенот на попреченоста. При дефиницијата на поимите, како деца со пречки во менталниот развој или телесна попреченост се сметаат слепи и слабовидни деца, глуви и наглуви деца, деца со пречки во говорот, деца со телесна инвалидност, како и деца со тешкотии во однесувањето и личноста (став 2). Во оваа дефиниција не се прецизирани категориите и тешкотиите во однесувањето и личноста на детето и затоа остават можност за различно толкување, односно опфаќаат широка категорија деца. Според став 3, од овој член, згрижувањето и воспитанието на децата со лесна попреченост во менталниот развој и телесна попреченост од овој член, кои имаат потреба од прилагодено изведување на програмите за предучилишни деца со дополнителна стручна помош или со прилагодени програми, се организира во редовните групи. Додека пак, според став 4, згрижувањето и воспитанието на децата со умерена попреченост во менталниот развој или телесна попреченост од ставот (2) на овој член се орга-

низира во посебни групи според посебните програми. Повторно се наидува на одредба во законот која нема инклузивен карактер, односно која подразбира издвојување на децата со умерена попреченост во менталниот развој и со телесна попреченоство посебни групи.

Член 136, определува дека дефектолог, логопед, педагог, психолог, социјален работник и здравствени работници се дел од „стручните соработници" во градинките кои ја остваруваат поддршката на воспитно негувателскиот кадар.

Министерството за труд и социјална политика, врз основа на овој закон, има донесено **Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца.**[12] Во членот 6 од овој Правилник, пристапот до објектот е дефиниран како приод или влез со пешачки патеки, паркинг простор и економски двор, при што:

- пешачки патеки – служат за совладување на растојанието помеѓу улицата и влезот на објектот и истите треба да се безбедени и заштитени, поплочени или асфалтирани, но да се избегне лизгавоста, и хортикултурно да се обликуваат.
- паркинг простор служи за пристап на возила и не треба да ја попречува редовната активност на децата.

За разлика од дефинирањето на пристапот до објектот во овој член не е дадена дефиниција и за пристапноста на објектите, иако истото е значаен услов. Дополнително во член 20, став 3, е определено дека влезот во објектот и пристапот до просториите за деца треба да бидат без архитектонски бариери, при што според, став 10, максималниот агол на пристапните рампи, треба да изнесува 1:12 (8,33%). Во став 11 е определено дека се препорачува вградување лифт, со димензии на кабина 100/130 см доколку објектот на градинката има кат.

Член 18 од Правилникот, определува дека градинката може (значи не ја обврзува дека мора) да обезбеди просторија за индивидуална работа со деца кои имаат потреба од советување или помош, со најмалку 8 $м^2$ површина. Просторијата од став (1) на овој член може да се користи за работа на советувалиште за деца и родители.

12 Службен весник на РМ, бр. 28 од 06.02.2014 година

Во однос на опременоста на градинката, член 43 определува за деца со пречки во развојот, опремата во просториите во кои се згрижени соодветно да биде прилагодена, односно дополнета. Во правилникот се дефинирани и потребните дидактички материјали и наставни средства, во согласност со возраста на децата.

Дополнително беше разгледан и документот **Вреднување на успехот на планираните активности од развојниот план**[13], објавен на страната на Министерството за труд и социјална политика, во кој е дефинирана рамката за вреднување на сите аспекти од работата на една градинка. Вреднувањето на успехот на установата се врши во секоја клучна област и се искажува бројчено и описно. Успехот на планираните активности од развојниот план на установата се вреднува по клучни области. Клучните области се главни показатели за работата на установата. Секоја клучна област е поделена на подрачја на вреднување како потесни тематски целини. Подрачјата на вреднување опфаќаат индикатори кои поблиску ја дефинираат работата и активностите на установите за деца.

13 http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/vrednuvanje_2017.pdf посетено на 20.07.2018



# КЛУЧНИ НАОДИ ОД ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

# ЗАСТАПЕНОСТ НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Од анализата на податоците од прашалниците, доставени од 58 детски градинки произлегува дека во претходната и тековната година, во 39 градинки (или 68%) има згрижено деца со попреченост. Притоа, вкупниот број деца со попреченост во овие градинки изнесува 415.




**ПРИКАЗ 6: Градинки со и без деца со попреченост**

При анализата, доколку се земат предвид само градинките кои пријавиле деца со попреченост, просекот е 10,64 деца по градинка или од вкупниот број деца запишани и вклучени деца во градинките, кој изнесува 34.700 деца, процентот деца со попреченост изнесува 1,19%.

Вкрстената анализа на податоците покажува дека 36% од запишаните деца се вклучени во градинките од скопскиот регион, наспроти 64% од градинките од останатите региони. Истражувањето не беше дизајнирано да утврди од каде произлегува оваа разлика, но сметаме дека ова се должи на локацијата на самите градинки, бидејќи најголем дел се застапени во скопскиот регион.

Доколку бројката од 415 деца се разгледа подетално, според податоците од анкетниот прашалник најголем дел од овој број се деца со аутизам (104), а веднаш зад нив се децата со интелектуална попреченост (101).  Најмалку се застапени децата со оштетен вид (7 деца). Од останатите категории попреченост, градинките преку анкетниот прашалник пријавиле 70 деца со комбинирани потешкотии, 13 деца со телесна попреченост и 42 деца со оштетување на слухот и говорот од потежок степен. Во делот друго, градинките како попреченост ги пријавувале децата со забавен психомоторен развој, Даунов синдром, дијабет и хиперактивност. Нивната бројка изнесува 78. Овие статистики не се прецизни и доколку се соберат броевите од оваа анализа, истите нема да доведат до збир од 415 деца. Тоа укажува на фактот дека градинките немаат прецизни статистички податоци, ниту пак водат прецизна евиденција за типот попреченост со кој се соочува едно дете. Тоа, меѓу другото, потекнува од недоволната подготвеност за оваа проблематика, но и од отсуството на документација со која попреченоста се потврдува. За време на теренските посети и фокус групите оваа констатација беше потврдена. Иако градинките располагаат со вкупна бројка на деца со попреченост, сепак не располагаат со број на деца по категории попреченост.

Според податоците, детекцијата и, следствено, евиденцијата на децата со попреченост во градинките започнува по 18-тиот месец. Оттука, според податоците од анкетниот прашалник,  најголем број деца со попреченост се детектирани во големата група, која ја опфаќа возраста од пет до шест години, и нивниот број изнесува 143. Во јаслените групи не се детектирани деца со попреченост.

На прашањето, дали градинката се нашла во ситуација да одбие дете со попреченост, 48 градинки одговориле дека „не морале да одбијат“ дете со попреченост при упис, а останатите 10 (17,2%) градинки кои се нашле во таква ситуација, причините за одбивање ги лоцираат во прекубројноста на групите и неподготвеноста на кадарот за работа со деца со попреченост:**„Заради зголемен број на децата во групите нема можности за прифаќање дополнителен број на деца воопшто, а не само деца со попреченост. Освен тоа законската регулатива предвидува намалување на 2 деца од пропишаните нормативи за вклучување едно дете со попреченост, а тоа во пракса е неизводливо, затоа што групите во континуитет се со поголем број од дозволениот. Друг проблем со кој се среќаваме е недостиг на обучен кадар, но и редовно вработен кадар“.**




**ПРИКАЗ 7:** **Одговори на прашањето „дали Вашата градинка се нашла во ситуација да не може да прифати дете со попреченост?"**

Иако, најголем дел од градинките, 48 (82,8%) не се нашле во ситуација да одбијат дете со попреченост, сепак за време на теренските посети и на спроведените фокус групи наидовме на примери каде условите во градинката ги натерале родителите да се откажат и да најдат некоја друга алтернатива за своето дете: **„Моето дете го запишавме во градинка кога имаше 2 месеца. Немавме проблем сè додека на 2-годишна возраст идентификувавме проблем во говорот и однесувањето. Важно ни беше да биде вклучена во активностите кои ги спроведуваше градинката. Инсистиравме на тоа. Една недела додека имаа настава во природа ги набљудував и забележав дека моето дете е на страна со едно ливче во рацете. Отфрлено и само. Побаравме да вклучиме дефектолог кој од сопствени средства би го финансирале, но не ни дозволија. Ваквите ситуации нè натераа да ја запишеме во приватна градинка".**

При теренските посети наидовме на позитивна клима и ставови во насока на прифаќање на децата со попреченост. Градинките истакнаа дека не се случило намерно да одбијат дете со попреченост, освен децата да бидат ставени на листа на чекање, како што е случајот со сите деца поради зголемениот број во групите и недостигот на кадар. Оттука произлезе и констатацијата дека постои недостиг на системски процедури за упис, следење и евидентирање на напредокот на децата со попреченост. Уписот на деца

со попреченост во градинките не е регулиран. Најчесто уписот го врши родителот, во отсуство на детето. Во градинките на самиот упис не се  спроведуваат ниту тестирања, ниту пак опсервација пред да биде детето вклучено во група. Оттаму, службите немаат информација за попреченоста на детето, ниту пак реална документација која го поткрепува тоа. Воспитувачот за прв пат се сретнува со детето кога тоа ќе се вклучи во група. Еден претставник на фокус група истакна: **„Оваа година ни дојде дете со телесна попреченост. Нашата комисија за упис сугерираше дека детето ќе може да се вклучи во активностите и ќе се обезбеди престој доколку успееме како институција да обезбедиме личен асистент. Се обративме до општината и сè уште чекаме одговор“.**

За време на посета на градинка во рурална средина произлезе констатација дека во некои средини постои мислење дека градинките не се најпогодни за децата со попреченост. **„Во нашата средина, во дворот на градинката изграден е Дневен центар за лица со попреченост. Досега не е започнат со работа, иако е изграден одамна. Родителите се надеваат дека ќе почне да работи и мислат дека тој е подобар за деца со попреченост. Затоа досега не ни се обратиле за прием на дете со попреченост“,** посочува директорка на градинка за време на теренска посета.

Поради отсуство (немање) на јасни и прецизни процедури за вклучување на децата со попреченост во детски градинки во пракса се забележуваат разлики од една во друга градинка, во однос на приемот и прифаќање на дете со попреченост. Наведеното беше потврдено и од страна на родитлите при разговорите во  фокус група. Па така, еден родител на средбата го изнесе следното: **„Се обидовме да го запишеме моето дете во градинката во Драчево, веднаш до нас. На самиот прием ни рекоа дека нема да може да го примат. Веднаш се осети негативна клима. За да го избегнеме она што го насетувавме посетивме друга градинка во Кисела Вода каде веднаш без никаков проблем нè прифатија. Персоналот беше фин, пријатен и топол“.**

Една од препораките, која произлезе на фокус групите, во насока на подобрување на оваа состојба, е да се воведе конкурсен упис, кој ќе трае одреден временски период во годината: **„Нам ни треба конкурсен упис. Првите неколку месеци да се одложи вклучувањето на децата со попреченост, за да помине адаптацијата на остана-**

**тите и штом се смири да се вклучат. Воспитувачите се конфузни, од секоја страна некое дете плаче, а во групата имаат и дете со попреченост".**

Откако ќе се вклучи дете со попреченост во градинка, првата потешкотија со која се соочуваат и градинките и родителите е големиот број, кој ги надминува пpпишаните стандарди, на децана самите групи. На анкетното истражување, но и за време на теренските посети беше дискутирано околу можноста и правото на обезбедување дополнителен кадар во групите во кои има дете/ца со попреченост. Не наидовме на позитивен одговор во прилог на ова прашање. Досега во ниту една градинка не е обезбеден дополнителен кадар, иако градинките тоа го побарале. Оттаму, на теренските посети, а и за време на фокус групите, испитаниците укажаа на потребата од обезбедување лични асистенти за децата со попреченост. Во однос на улогата и задачите на личниот асистент, најчесто во фокус групите беше посочено  дека личниот асистент би им бил потребен при обавување на културно хигиенските навики со децата со попреченост (пресоблекување, хранење, миење и сл.).

Според учесниците на фокус групите, зголемувањето на бројот на децата со попреченост во градинките е искуство и предизвик со кој се соочува секоја градинка. Постои загриженост во однос на зголемената бројка. Размислувањата се поделени: едни сметаат дека тоа се должи на фактот што сè повеќе се раѓаат деца со попреченост, а пак други велат: **„Свесноста на родителите и на членовите на стручните служби и воспитувачите е поголема кога станува збор за вклучување на децата со попреченост во градинките. Јас сум изненадена дека на страната на Министерството постои посебна програма за работа со овие деца. Тоа не е потребно. Потребно е програмата која ја реализираме да биде доволно квалитетна за да излезе во пресрет на потребите на сите деца и да обезбеди стимулативна средина за развој".**




**ПРИКАЗ 8: Одговори на прашањето „на кој начин Вашата градинка ги идентификува децата со попреченост?“**

Процесот на детекција, идентификување и пријавување на децата со попреченост е отежнат поради недостиг на унифицирани системски процедури кога станува збор за рана детекција и интервенција. Од друга страна, процесот го отежнува и нeедуцираноста на родителите и недостигот на поддршка од соодветни служби и насока за делување која им е потребна за да го прифатат и соодветно да реагираат на податокот дека нивното дете има попреченост, како и некомплетноста на стручните служби и неподготвеноста на воспитно-негувателскиот кадар за работа со децата со попреченост. Овој податок го потврдуваат и теренските посети и спроведените фокус групи. Соговорниците од градинките посочуваат дека при утврдување на попреченоста на децата користат неколку начини: За децата кај кои има видлива потешкотија, како телесна попреченост, оштетување на вид и слух, родителите доставуваат на увид документација уште на самиот упис на детето. За некои деца кои имаат потешкотии, воспитувачот најчесто е првиот кој забележува и  ја известува стручната служба и/или го повикува родителот на разговор. За време на теренските посети и при фокус групите вработените во градинките истакнаа дека имаат потешкотии со документите кои ги добиваат од матичните лекари. На пример, градинката добива документ во кој е наведено дека детето

има уреден развој. Воспитувачите и стручната служба забележале дека станува збор за попреченост. Во комуникација со лекарот, подоцна сфатиле дека тој воопшто не го прегледал детето. Има ситуации кога документот и тврдењето на родителот се контрадикторни, на пример, родителот најавува дека детето има оштетување на видот, а тоа никаде не е забележано. Градинките имаат дополнително потешкотија да ги натераат родителите да обезбедат документ, бидејќи законот не ги обврзува. Оттаму, постојат и разлики во идентификувањето и евидентирањето на бројот на децата со попреченост, помеѓу градинките: **„Во мојата група има 27 деца од кои едно дете е со попреченост. Тешка е соработката со родителот кој ми вели: 'На глава да застанете нема да ви доставам документ'. Обврзани сме како институции, кога ќе дојдат инспектори од надвор да имаме оцена и процена за децата со попреченост. Од 25 деца во нашата градинка за кои тимот проценил дека имаат попреченост, документ родителите доставиле само за 2. Што со останатите? Сепак со нив мораме да работиме поинаку и индивидуално“** – велат претставници на фокус групите.

На ова се надоврзува фактот дека и покрај тоа што родителите имаат можност во досието кое го пополнуваат за своето дете да наведат дали има некаква потешкотија, тие ретко го прават тоа: најчесто во ситуации кога станува збор за видлива попреченост и во ситуации каде има потешкотии во говорот. Од една страна тоа се должи на неприфаќање на состојбата, но и на фактот што возраста на децата кои се запишуваат во градинка понекогаш ограничува кога станува збор за „дијагностицирање на проблемот“.

Според информациите од теренските посети и фокус групите: родителите на децата со попреченост не доставуваат документација, негираат дека постои потешкотија и во најголем број од случаите не се соработливи. Градинките велат дека законот не е на нивна страна во овој дел: **„Зошто ако градинката има комплетен стручен тим да мораме да ја чекаме потврдата од Заводот за ментално здравје која не ни стигнува некогаш до нас. Зар мораме да бидеме со врзани раце само затоа што немам потврда, а нашиот тим е стручен и проценил дека има потешкотија кај едно дете“. „Родителите може да донесат документ само во случај кога детето треба да остане уште една година плус во градинка, но и тоа не е секогаш правило“.**

Различните начини и пристапи во идентификување на бројот на деца со попреченост доведуваат до разлики и отстапки во евиденцијата приложена во анкетниот прашалник и при теренските посети. Ваквите отстапки се темелат на следните причини: во анкетниот прашалник се пријавени деца за кои градинката располага со релевантен документ кој ја потврдува попреченоста, и пријавени се деца со попреченост во случаи односно градинки во кои има стручен тим  кој утврдил дека станува збор за попреченост. При теренските посети во четири градинки, од вкупно 16, забележани се разлики во пријавениот број деца со попреченост. Разликите се должат на недоставена документација со која се потврдуваат потешкотиите кај децата. Градинките чувствуваат „страв“ да пријават деца за кои немаат документација. Дополнително, постојат градинки каде нема стручни служби, а воспитувачите забележуваат дека кај децата има потешкотии. Овие деца не беа пријавени во анкетниот прашалник, но за време на теренските посети градинките ги образложија причините за нивната одлука да не ги евидентираат децата во анкетниот прашалник. Интересен, но и загрижувачки, е податокот дека во градинките голем е бројот деца со потешкотии во говорот. Овие деца не беа пријавени во анкетните прашалници. Информацијата е добиена за време на теренските посети. Станува збор за деца кои имаат потешкотии во артикулацијата на одредени гласови. Овие деца беа пријавувани и од градинки каде има логопед, но и од градинки каде воопшто нема стручна служба. Овие деца биле евидентирани во големите групи, на возраст од 4 до 6 години. Дел од посетените градинки истакнаа дека во просек имаат по 50 деца со потешкотии во говорот само во големите групи.  Постои загриженост кај воспитувачите поради големата приврзаност на децата, од најрана возраст, за технологии и усвојување на англискиот јазик пред мајчиниот јазик. Оваа потешкотија ја истакнаа сите соговорници за време на теренските посети и испитаниците сметаат дека тоа е еден од факторите за подоцнежното развивање на говорот, но и за потешкотиите во говорот.

Во анкетното истражување 32% (19) од градинките истакнаа дека немаат деца со попреченост. За време на теренските посети беа посетени и градинки кои немаат пријавено деца со попреченост во анкетниот прашалник. Од пет посетени градинки кои на анкетниот прашалник не пријавиле дете со попреченост,  четири пријавија деца со попреченост за време на теренските посети.  Градинката што не пријави деца е лоцирана во рурална средина. Релативно

нова, изградена на непристапна локација, во близина на Дневен центар за лица со попреченост. Причината поради која досега не ѝ пристапиле деца со попреченост е вербата на родителите дека Дневниот центар ќе започне со работа. Останатите четири се градинки во кои има деца со попреченост за кои установите немаат доставена документација од родителите, а тимот забележал дека имаат деца со попреченост. Една од градинките нема стручна служба, а воспитувачите на теренските посети истакнаа дека имаат повеќе деца со поспецифични потешкотии во говорот. Станува збор за средина во која нема никакви услуги за деца и лица со попреченост. До пред три години добивале поддршка од логопеди, вработени во Институтот за слух, говор и глас. Ги посетувале еднаш месечно, со цел да направат процена и да спроведат индивидуална работа со децата кои имаат потешкотии во говорот, но веќе оваа поддршка ја нема. Местото е релативно далеку од градот и тие велат: **„Имаме многу деца со потешкотии во говорот. Логопедите повеќе не нѐ посетуваат. Овде немаме близу логопед. Родителите прават трошок ако ги носат до градот, не може секој да си дозволи“.** Оваа појава илустрира недостиг на основни услуги на локално ниво, покрај непостоењето стручна служба во градинката, што дополнително ја отежнува и усложнува состојбата на децата со попреченост и нивните семејства.

Теренските посети и спроведените фокус групи, од кои беа добиени квалитативни податоци, овозможија добиените бројки да се стават во контекст и да се добие појасна слика за бројот, но и за ставовите и предрасудите околу вклучување деца со попреченост во градинките. Постои прикриен отпор во однос на ова прашање, кој е последица на предрасуди, недоволна информираност и страв од непознатото, кога се вклучуваат децата со попреченост во групите. За време на теренските посети една градинка изјави дека не би примила дете со епилепсија поради непријатно искуство со колешка: **„Не е едноставно воопшто, пред некоја година имавме колешка што не ни кажа дека има епилепсија, па ни се случи да падне во тоалетот, но ја обвини градинката дека бил лизгав подот и не призна дека има состојба која треба да ја знаеме“.** Ваквото искуство создало непријатно чувтсво, но и негативен став кон ова прашање.

На анкетниот прашалник градинките имаа можност да дадат одговор на прашањето колку се отворени родителите во својата кому-

никација, односно дали ја најавуваат попреченоста на своето дете при уписот во градинка. Резултатите од анкетниот прашалник, по обработката на податоците, посочуваат на контрадикторност. Имено, имаа можност да одберат повеќе опции како одговор. На прашањето за тоа како градинката ја идентификува попреченоста кај децата, најфреквентен одговор со 65,3% е оној каде градинките велат дека родителите доставиле на увид соодветна документација за попреченоста на своето дете. Дополнително, на следното прашање како родителите ја најавуваат попреченоста на своето дете во градинките, најфреквентен одговор, со 59,2% е одговорот дека родителите во мал број случаи приложуваат соодветна документација за попреченоста на своето дете. Овие прашања следеа едно по друго во анкетниот прашалник и контрадикторноста на одговорите беше забележлива при разгледување и обработка на податоците. Во првиот случај произлегува дека градинките најчесто при идентификувањето на децата со попреченост се потпираат на доставената документација од родителите, а веќе во следното прашање добиениот одговор укажува на проблем дека родителите не доставуваат документација, односно само мал дел родители доставуваат документација.  Оваа контадикторност се должи на фактот што при пријавување на децата со попреченост во овој анкетен прашалник, најчесто градинките ги пријавуваат децата за кои имаат доставена документација, па оттаму велат дека најчесто идентификацијата ја прават врз основа на доставена документација. Од друга страна, голем е бројот на деца за кои немаат документација, а забележуваат дека имаат попреченост, но немаат начини како да ги натераат родителите да достават документација. Дополнително, институциите кои ја следат работата на градинките, кога од нив бараат информации за децата со попреченост, бараат да бидат вклучени само децата  кои имаат документација за попреченост.

Теренските посети и фокус групите посочија на индивидуални разлики помеѓу родителите кои зависат од видот попреченост на детето, но и од прифаќањето на состојбата. Генерално постојат потешкотии во обезбедување и доставување соодветна документација до градинките, поради што еден од соговорниците посочува: **„Ни треба стратегија, треба да има систем кој уште на почетокот ќе ја прикаже реалната состојба на детето, сè треба да почне од матичниот лекар кој треба да го прати родителот во некој од заводите и потоа родителот во градинката да дојде со документ кој треба да ни ги претстави функционалните можности на детето и**

**ние веднаш да почнеме со работа без импровизации. Така нема да се губи времето и таму каде што може детето побрзо ќе напредува“.** За ваквите ситуации, според изјавите добиени при теренските посети и фокус-групите, едно можно толкување е дека меѓу родителите, општо земено, постои недоволна свесност како и неприфаќање на состојбата (фактот дека детето има некаква попреченост). Овој став, од друга страна, директно влијае врз (не) отворената комуникација на родителот со тимот во градинката и како последица тимот не е доволно информиран за евентуалните тешкотии во функционирањето на детето.




**ПРИКАЗ 9:** **Одговори на прашањето „колку родителите се отворени за да ја соопштат дека нивното дете има попреченост?“**

# ИНКЛУЗИВНОСТ НА ГРАДИНКИТЕ

Според добиените податоци од анкетното истражување, градинките не ги исполнуваат потребните услови за обезбедување физичка пристапност. Ова прашање го одговори 51 градинка. Најчеста адаптација која е обезбедена во 66,7% од градинките е пристапна рампа на влезот на градинките. Зад неа, во 15,7% од градинките се обезбедени прилагодени занимални и простории во објектите. Следниот приказ ги илустрира одговорите на ова прашање:




**ПРИКАЗ 10: Одговори на прашањето „какви прилагодувања се направени за да се обезбеди физичка пристапност на Вашата градинка?“**

При теренските посети забележавме дека, кога станува збор за пристапноста, пристапен е влезот на градинките, но не и внатрешниот дел. Состојбата со пристапноста на градинките е идентична со пристапноста на училиштата. Поголем број од градинките се изградени на едно ниво, иако постојат и градинки на две, па и на повеќе нивоа, каде нема лифт, а нивоата се поврзани со скали. Рампите на влезот на градинките не се секогаш градени според стандарди. Еден родител на фокус група истакна: **„Рампата која постои во градинката е стрмна, со количка тешко може да се помине“.**

Најголема потешкотија во однос на физичката пристапност е големината на занималните. Во повеќето посетени објекти, при теренските посети и за време на фокус групите, добивме информација дека големината на занималните не соодветствува на бројноста на групите. Пример, во една занимална која е проектирана за 20 деца, истовремено се сместени над 30 деца. Бројноста од една и необезбедените услови од друга страна ја оневозможуваат индивидуалната работа и процесот на адаптација на секое дете, па и на детето со попреченост: **„Условите се битен фактор. Адаптацијата на овие деца треба да трае подолго време. Сè помалку имаме стимулативна средина за секое дете“.**

За време на теренска посета во една од градинките добивме податок дека дете со телесна попреченост е вклучено во непристапен објект. Родителите имале можност да го запишат и во друг објект од истата градинка кој е попристапен, но инсистирале да биде во тој објект поради децата во групата и воспитувачот. Потешкотија е пристапот во кујна, каде децата се хранат, бидејќи истата е лоцирана на долен кат до кој се стигнува по скали, а детето има потешкотија со движењето.

Концептот на пристапен тоалет во градинките воопшто не е познат. На анкетниот прашалник една градинка изјавила дека има пристапен тоалет. За време на теренските посети не забележавме пристапни тоалети во посетените градинки, а овој податок беше поткрепен и со изјавите добиени на фокус групите.

Состојбата е уште понеповолна кога станува збор за располагање со пристапни (приспособени) педагошко-дидактички помагала и средства. Имено, мнозинството градинки, 58,5%, одговориле дека не располагаат со ваква опрема која ја олеснува активната вклученост на децата со попреченост:




**ПРИКАЗ 11:** **Одговори на прашањето „дали Вашата градинка располага со пристапни (прилагодени) педагошко-дидактички помагала и нагледни средства?**

43,4% од градинките изјавиле дека располагаат со прилагодени дидактички материјали. Во оваа група влегуваат градинки во кои дефектолозите и/или логопедите изработуваат наменски материјали за индивидуална работа со деца, или пак тоа се градинки кои учествувале на обуки и во проекти каде добиле одредени донации.

При спроведување на фокус групите еден учесник истакна: **„Добивме донации кои ги вложивме во изградба на сензорна соба. Резултатите се позитивни од досегашната примена“.** За жал, ваквите позитивни примери се реткост.

**„Од дома носиме играчки, немаме ништо ново добиено од 2007 година. Се снаоѓаме сами благодарение на можноста што ја нуди интернетот”**, вели претставник од друга градинка.

Во анкетниот прашалник, од дополнителни дидактички материјали градинките наведуваат дека располагаат со сликовници, картички за комуникација, материјали за сензорна интеграција. Дел од градинките располагаат со лаптоп, проектор, таблет.

Во поглед на примена на информатичката технологија состојбата е следна:




**ПРИКАЗ 12: Одговори на прашањето „дали во работата со децата во Вашата градинка користите информатичка технологија**

Според доставените одговори на анкетното истражување, 77,2% од градинките немаат дефектолог во рамките на стручниот тим. Во оние градинки каде тимот вклучува и дефектолог тој работи со полно време. Во една од градинките, која ја посетивме за време на теренските посети, ангажирани се двајца дефектолози. При тоа, дефектологот/зите се задолжени за сите објекти на градинката. Онаму каде има вработено двајца дефектолози, се врши поделба на работата по објекти.  Следниот приказ ја илустрира состојбата добиена при анкетното истражување:




**ПРИКАЗ 13:** **Одговори на прашањето „дали стручниот тим на Вашата градинка вклучува дефектолог“**

Според разговорите при теренските посети, дефектолозите сметаат дека нивната улога треба да биде насочена кон поддршка, советодавна улога со воспитувачот, процена на потребите на децата во соработка со воспитувачот и градење инклузивна клима во соработка со воспитувачите, родителите и децата. Потешкотија со која се среќаваат дефектолозите е неможноста да работат индивидуално со сите деца, дури и со оние деца со кои работат, фреквенцијата и временскиот интервал на работа не е доволен и не ги задоволи потребите. **„Колку беше среќно моето дете во градинка е реченица која ја слушам од родители на деца со попреченост кои минале низ нашата градинка. Мојата улога како дефектолог е што повеќе да има среќни деца. Да им даваме на децата сè што можеме за да бидат среќни“**, вели еден од дефектолозите, учесник на фокус групата.

Дел од дефектолозите на теренските посети изјавија дека поддршката на воспитувачите и родителите ја обезбедуваат преку интерни обуки. Покрај дефектолозите, половина од градинките кои одговориле на прашалникот, како член на стручниот тим имаат логопеди (53,2%), психолози (51,1%), педагози (42,6%) и социјални работници (21,3%). Постојат и тимови во кои се вклучени медицински лица.

Наспроти ова, загрижува податокот дека во 13 (22,4%) градинки, од вкупно 58 кои го одговориле прашалникот нема стручна служба.

Улогата на стручните тимови, испитаниците на фокус групите и при теренските посети, ја рефлектираат преку поддршката на воспитувачите, индивидуална работа со децата и советодавна работа со родителите. Испитаниците истакнаа дека еден дефектолог е малку во една градинка, а и времето и фреквенцијата на работа со деца со попреченост не е задоволителна.

Некомплетноста на стручните тимови и отсуството на дефектолози во градинките ја прави потешка и понеизвесна работата со децата со попреченост. При теренските посети и за време на фокус групите, особено од градинките во кои нема стручни служби или пак каде нема вработено дефектолог, соговорниците истакнаа дека најголем успех во инклузијата би се постигнал доколку се вработат дефектолози во градинките. Од разговорите произлезе констатација дека дефектологот е клучниот носител и фактор за инклузија. Овие тврдења укажуваат на ниско ниво на свесност за улогата и одговорноста на воспитувачите за спроведување на инклузијата. На некој начин, би можело да се протолкуваат како став дека децата со попреченост се „обврска" на дефектологот. Ваквите тврдења не го застапуваат концептот на инклузивност. Постојаното издвојување на децата со попреченост од групата и индивидуалната работа со дефектолог во истата или друга просторија, не е во насока на нивната вклученост во група. Доколку во градинката има вработено дефектолог, а постои ниско ниво на свесност и предрасуди за работа со деца со попреченост од страна на воспитно-негувателскиот тим, тогаш не може да се очекува успешна инклузија. Воспитувачите, во соработка со негувателите, се клучни носители на инклузијата во градинките, во прв ред со своите ставови, како и со вештините и знаењата за работа. Ставовите потешко се менуваат, а знаењата и вештините се стекнуваат низ различни форми учење, само доколку човекот има желба да научи.

Општо земено, потребно е натамошно јакнење на знаењата и способностите на стручните тимови за работа со деца со попреченост.




**ЗАБЕЛЕШКА:** во еден прашалник се дадени два одговори на ова прашање

**ПРИКАЗ 14:** **Одговори на прашањето „во поглед на оспособеноста на стручниот тим за работа со деца со попреченост, Ве молиме означете која изјава најдобро ја отсликува состојбата во Вашата градинка“**

Воспитувачите имаат нагласена потреба од дополнителна обука за работа со деца со попреченост. Дури,74,1% од градинките навеле дека нивните воспитувачи имаат потреба од унапредување на знаењата за работа со деца со попреченост. Потребата од обука на стручниот и воспитно - негувателскиот кадар произлезе и на теренските посети, и на фокус групите. При тоа присутните споменаа обуки со УНИЦЕФ, Меѓаши, Сојуз на дефектолози, Монтесори методологија. Овие обуки се на база на проекти кои се спроведуваат во нашата држава и не сите градинки имаат можност да учеству-

ваат на нив. Освен тоа, ваквиот пристап не овозможува одржливост и не ги решава потешкотиите кои се појавуваат во системот. На фокус групите, претставници од градинка во која има комплетен стручен тим со двајца дефектолози, логопед, социјален работник и психолог истакнаа дека учествувале на обуки кои се поспецифични и за кои градинката издвоила средства за јакнење на професионалните компетенции на своите вработени. Според нив, освен за воспитувачите, многу е важно да има и обуки за негуватели, кои се суштински кадар, но исклучени од ваквите иницијативи. **„Проблем се и ставовите на сите нас во средината во која функционираме. Недостигаат работилници за промена во оваа насока и поголема сензибилизација на сите вклучени страни“** – велат претставници на фокус групите.  Тие инсистираат и на обуки за родителите. Досега една градинка има направено советувалиште за родители, а дел од дефектолозите во градинките спроведуваат обуки за родителите кои не се доволно посетени: **„Објавивме обука за родители на тема попреченост, но дојде само еден“.** Според добиените податоци сметаме дека не е потребна обука за знаења со родителите колку што е потребно да се работи на нивните ставови, како и на социјалните норми. Обуката би била понапредно ниво.

Досега само една градинка,од сите кои беа посетени и учествуваа на фокус групите, изјави дека издвоила сопствени средства за обука на своите вработени во однос на теми поврзани со попреченоста. Во овие обуки била овозможена и обука за негуватели. **„Негувателите никој не ги споменува, а поголем дел од времето тие минуваат со децата. Мора да бидат обучени да ја препознаат попреченоста и соодветно да реагираат и да постапуваат со децата.“**

Освен потребата од обука, воспитувачите истакнуваат дека се потребни и други стимулации за да бидат повеќе мотивирани за работа со децата со попреченост: **„Дали работите со 20 или 40 деца е сосема исто. Дали имате или не дете со попреченост во групата не менува многу, сите сме изедначени“.**




**ПРИКАЗ 15:** **Одговори на прашањето „во поглед на оспособеноста на воспитувачите за работа со деца со попреченост, Ве молиме означете која изјава најдобро ја отсликува состојбата во Вашата градинка“**

Во однос на следењето и евидентирањето на напредокот на децата, од анализата на одговорите од анкетен прашалник произлегува дека не постојат унифицирани процедури за процена, следење и евидентирање на работата со децата со попреченост. Најчесто во градинките каде има стручни тимови, дефектолозите и логопедите прават интерно следење и бележење на активностите, но тоа е оставено на нивната креативност. Не постојат унифицирани начини и постапки, според изјавите добиени на теренските посети и на фокус групите.

Според податоците добиени од анкетното истражување, досега ниту една градинка не добила поддршка од локалните власти за унапредување на работата со децата со попреченост. На теренските посети дел од градинките изјавија дека добиле поддршка од бизнис заедницата, но не била насочена кон потребите на децата со попреченост. Од останатите актери, градинките соработувале со граѓански организации и дневни центри. Директор на градинка на фокус група изјави дека градинката добила средства од биз-

нис заедницата за опремување сензорна соба. Иако градинката ги има средствата, сепак има потешкотии во однос на тендерската документација и плаќањето данок при набавка на детски играчки и реквизити потребни за собата. Овие административни бариери го одолговлекуваат целиот процес на набавка и се дополнителна потешкотија за градинката.

# ИСКУСТВА И ПРАКТИКИ

Во поглед на подготовката и примената на индивидуални планови, состојбата е следна:




**ПРИКАЗ 16:** **Одговори на прашањето „дали за децата со попреченост во Вашата градинка се изработуваат и применуваат индивидуални планови?“**

Според одговорите на анкетното истражување, во 26 градинки не се изработуваат индивидуални образовни планови (ИОП) за децата со попреченост.

Ова прашање беше опфатено и на фокус групите. Еден учесник на фокус група за воспитувачи вели: **„Изработуваме планови само за да имаме што да покажеме ако дојде инспекција. Воспитувачите имаат отпор и не сакаат да прават планови, за нив тоа е дополнителна административна работа“.**

Родителите, учесници на фокус групите, истакнаа дека во градинките кои ги посетуваат нивните деца не се прави индивидуален план. Тие сметаат дека е многу важно да се работи по индивидуален план кој ќе биде направен во соработка со стручната служба: **"Во нашата градинка нема стручен кадар, нема кој да даде насоки за работа со децата".**

Една градинка за време на теренската посета изјави дека изработува индивидуален план за работа со децата со попреченост. Се трудат да го вклучат и родителот, но до онаа мера до која тој е заинтересиран. Овој план е дел од досието на детето. Во овој контекст, од голема важност е постоење и одржување комуникација со училиштата при упис на децата со попреченост. Најчесто, според учесниците на фокус групите, не постои континуитет и соработка во овој дел. Сè е оставено на волјата на родителот и наставникот и обично се користат лични контакти, а не е обврзувачка активност. Според учесниците на фокус групите постои различно толкување на одредбата **„развојното досие го следи детето".** Оттука, се поставува потребата да биде прецизирано дали родителот ќе го проследи досието во училиште или тоа ќе се бара по службена должност за сите деца при уписот во училиште.

Вклученоста на децата со попреченост во дополнителни и слободни активности и содржини е ограничена. Добиените податоци од анкетниот прашалник посочуваат дека децата со попреченост учествуваат само во дел од слободните активности. Учеството зависи од видот и степенот на попреченост.

| | | |
|---|---|---|
| Градинката ги осмислува и ги прилагодува дополнителните и слободните активности на начин што овозможува рамноправно учество на децата со попреченост, согласно нивните лични интереси | 23 | 42,6% |
| Децата со попреченост учествуваат во дел од дополнителните и слободните активности, во кои можат да се вклопат со оглед на нивната попреченост | 23 | 42,6% |
| Децата со попреченост не учествуваат во дополнителните и слободните активности | 0 | 0% |
| Нема деца со попреченост во нашата градинка | 14 | 25,9% |

**ПРИКАЗ 17: Одговори на прашањето „во поглед на учеството на децата со попреченост во дополнителни и слободни активности (приредби, посети, прослави и сл.), Ве молиме означете ја изјавата која најдобро ја отсликува состојбата во Вашата градинка?“**

Слични податоци беа добиени и за време на теренските посети, како и на фокус групите. Градинките велат дека ги вклучуваат и се трудат да ги вклучат децата со попреченост во сите активности со останатите деца. Според нив, родителот е оној кој одлучува дали детето ќе се вклучи или не.

Искуствата и впечатоците на родителите се различни. Додека едни родители имаат негативно искуство во врска со вклученоста на дете со попреченост во активности кои се организараат од страна на детска градинка, други родители се задоволни.

**„Кога се организираше посета во театар, воспитувачката ми соопшти дека моето дете нема да може да оди, бидејќи во театар треба да биде тивко, а тој писка. Се понудив, да појдам со него, па доколку се вознемири да го изнесам, не прифатија”. „На една приредба каде што моето дете со другарчињата беа публика, имавме многу лошо искуство. Моето дете скокаше од радост. Воспитувачите го отстранија во соседната просторија, преку стакло да ја доследи претставата”.**

**„Го носеа секаде. Другите дечиња помагаа. Секогаш беше фатен за двете рачиња од две другарчиња. На свој начин се приклучуваше во приредбите, за што добиваше силен аплауз од родителите на неговите другарчиња. Ние плачевме од среќа".**

Кога станува збор за најчестата реакција на родителите на децата без попреченост во врска со вклучувањето деца со попреченост во групите, според одговорите на градинките и како тие го перципираат ова прашање, во најголем дел го прифаќаат нивнoто присуство. Следува табеларен приказ на одговорите дадени од страна на детските градинки, во врска со реакцијата на родители на деца без попреченост, кој покажува дека родителите ги прифаќаат децата со попреченост и не манифестираат негативен став кон нивното вклучување во градинките.

| | | |
|---|---|---|
| го поддржуваат нивното вклучување како рамноправни членови и ги поттикнуваат своите деца да се дружат, да соработуваат и да ги поддржуваат децата со попреченост | 15 | 27,3% |
| го прифаќаат нивното присуство | 22 | 40% |
| немаат или не искажуваат став околу вклучувањето деца со попреченост | 17 | 30,9% |
| не ја прифаќаат вклученоста на децата со попреченост, сметајќи дека тоа го намалува квалитетот и динамиката на активностите, но не преземаат иницијативи во врска со тоа | 1 | 1,8% |
| активно преземаат иницијативи до градинката и други инстанци за испишување на децата со попреченост од групите на нивните деца | 0 | 0% |
| нема деца со попреченост во нашето училиште | 13 | 23,6% |
| друго (Ве молиме наведете): | 2 | 3,6% |

**ПРИКАЗ 18: Одговори на прашањето „каква е најчестата реакција на родителите на децата без попреченост во врска со вклучувањето деца со попреченост во групите?"**

Градинките на анкетниот прашалник доставиле два описни одговори, дека најчесто има реакција доколку децата се агресивни и се нарушува мирот во групата.

Оваа тема беше дискутирана и за време на теренските посети и на фокус групите, при што присутните изјавија дека имало усни реакции, но досега не се случило да има бурни реакции и закани од страна на родителите на деца без попреченост. Кога станува збор за врсниците пак, градинките не наидуваат на некои потешкотии. Децата се прифатени и воспитувачите се трудат да го поттикнат учеството на децата со попречесност колку што е можно повеќе.

Во однос на избраните опции кои најблиску го одразуват ставот на градинките во врска со инклузивното предучилишно образование, градинките, во најголем процент (49%) сметаат дека инклузивното предучилишно образование е во најдобар интерес на сите деца.

| | | |
|---|---|---|
| Инклузивното предучилишно образование е неопходно и е во најдобар интерес на сите деца | 25 | 49% |
| Инклузивното предучилишно образование е добра можност само за дел од децата со попреченост кои можат да се вклучат во активностите | 21 | 41% |
| Инклузивното предучилишно образование, во формата во која се спроведува кај нас, не е соодветна можност за децата со попреченост | 8 | 15,7% |
| | 0 | 0% |

**ПРИКАЗ 19: Одговори на прашањето „која од наведените опции најблиску го одразува ставот на Вашето училиште во врска со инклузивното средно образование?“**

Градинките имаа можност да споделат свои размислувања за тоа кои се нивните прирtитетни потреби во насока на подобрување на инклузивниот процес и работата со децата со пореченост. При тоа, на анкетниот прашалник ги добивме следните податоци и одговори:

| ПРИОРИТЕТНА ПОТРЕБА | СТЕПЕН НА ВАЖНОСТ |
|---|---|
| Вработување дефектолог | 219 |
| Обуки за воспитувачите за работа со деца со попреченост | 231 |
| Обука за стручниот тим за работа со децата со попреченост и обезбедување поддршка на воспитувачите за работата со нив | 226 |
| Подобрување на физичката пристапност на објектите | 233 |
| Обезбедување пристапни педагошко-дидактички помагала, нагледни средства и технологија | 226 |
| Обезбедување повисок износ наменски финансиски средства за градинктие за задоволување на индивидуалните потреби на децата со попреченост | 261 |
| Измени на правната рамка | 209 |
| Друго | 23 |

**ПРИКАЗ 20: Одговори на прашањето „одредете и вреднувајте ги според степен на важност приоритетните потреби за унапредување на работата со децата со попреченост во Вашата градинка“**

На ова прашање градинките требаше да посочат според степен на важност, на скала од 1 до 7, кои се нивните приоритетни потреби. Од табелата, во која збирно се претставени оценките и степените на важност добиени од анкетниот прашалник, се гледа дека градинките најмногу имаат потреба од обезбедување повисок износ наменски средства за задоволување на индивидуалните потреби на децата со попреченост, како и за подобрување на физичката пристапност на објектите.

Од дополнителните одговори на ова прашање градинките истакнуваат дека им се потребни:

- ангажирање лични асистенти;
- почитување на нормативот за бројот на деца во група;
- комплетирање на стручни тимови, и
- подобрување на соодносот помеѓу бројот на ангажирани стручни лица и деца со попреченост во групите.

# ДОПОЛНИТЕЛНИ КОМЕНТАРИ

Во анкетниот прашалник, за време на теренските посети како и на фокус групите, испитаниците имаа можност да споделат дополнителни коментари. Сите коментари беа сублимирани и се однесуваат на:

- подобрување на физичките услови за работа и обезбедување пристапност на објектите (реновирање или изградба на нови објекти);
- обезбедување нови дидактички помагала и средства за работа со децата;
- обезбедување комплетни стручни тимови;
- почитување на нормативот за број на деца и намалување на бројот деца во група;
- едукација на воспитно негувателскиот кадар;
- обука и специјализација за одредени области на стручните соработници;
- промена во програмата за додипломски студии за студентите од педагошките факултети (вклучување предмети кои опфаќаат методики за работа со деца со попреченост);
- регулирање на формата на престој на децата со попреченост;

- едукација на родителите за теми поврзани со попреченоста;
- зајакнување на меѓусекторската соработка (училишта, дневни центри, граѓански организации, министерства);
- креирање стимулативни мерки за мотивација на воспитувачите за работа со деца со попреченост;
- уредување на законската регулатива со одредба при која родителот мора да достави документација за попреченоста на своето дете;
- обезбедување лични асистенти.

# ПРИКАЗНИ ОД ТЕРЕН

Во овој дел од истражувањето ќе бидат прикажани приказни кои произлегоа од теренските посети. Дел од приказните се објавени анонимно, а дел се објавени со податоци со цел да се стимулира размена на искуства и пресликување позитивни модели кои постојат во некои градинки. Истите не се поврзани со системски решенија, туку се плод на креативноста и иницијативите на колективите од градинките.

Истражувачкиот тим при селекцијата на градинките за теренска посета, одлучи да посети градинка што е лоцирана во рурална средина, во која се вклучени релативно мал број деца, меѓу кои во анкетниот прашалник не се пријавени деца со попреченост. Идејата за посета на оваа градинка произлезе при разгледување на прашалниците. Овие критериуми беа земени предвид при посета на секоја градинка, но условот сите да бидат присутни не беше задолжителен. Градинката е лоцирана на брдо во близина на Дневен центар за лица со попреченост, кој иако постои неколку години, сè уште не започнал со работа. На влезот, до кој тешко се стигнува поради стрмниот пат, но и поради насобран градежен шут, тимот беше пречекан срдечно од насмеани лица, желни за разговор и работа. Внатрешноста на градинката не го отсликува првичниот впечаток. Пространи занимални, уредени со нов инвентар, тивка работна атмосфера. Тимот е составен од воспитувачи, негувате-

ли, благајник, директор и домаќинка. Според исказите на соговорниците, на градинката не ѝ следува стручен тим, бидејќи опфаќа мал број деца. Единствена е во регионот кој опфаќа околу 30.000 жители. Родителите не се мотивирани да ги носат своите деца во градинка поради непристапниот терен и оддалеченоста од местото на живеење. Градинката иако доставила барање за организиран превоз, тоа досега не било одобрено. Непристапноста како фактор освен што ги ограничува родителите, во зимските денови ги ограничува и вработените. Доколку заврне снег не можат да пристапат до своето работно место. За децата со попреченост и нивното вклучување во градинка воопшто и не се дискутира во средината, поради мислењето и очекувањата тие да бидат корисници на Дневниот центар. Во исчекување центарот да профункционира, генерации деца минуваат без рана интервенција и стимулација. Прекрасната природа, идеална за слободни активности и прошетки, не е искористен ресурс: **„Стравуваме децата да ги извадиме надвор и на терасите, кои ги имаме од секоја занимална, поради змиите околу објектот“.** Желбата за работа воопшто не ги напушта, иако досега никој не ги посетил, не ги поканил на обука, ниту пак им дал поддршка во досегашното работење.

Непристапноста на објектите е една од потешкотиите со која се среќаваат најголем дел од градинките. Истражувачкиот тим посети градинка лоцирана во периферен дел од градот. Главниот влез беше непристапен, но затоа од задната страна постои рампа која не е изградена по стандарди и води до влезот кој е поврзан и со кујната. Претпоставуваме дека истата е направена да биде во корист на добавувачите на храна. Отсуството на држачи на рампата е во насока на потврдување на претпоставката. Градинката нема пријавено деца со попреченост, а во моментот на интервјуто, во дворот доаѓа родител по своите деца. Двете деца носат очила со забележителен диоптер. Децата се снаоѓаат во просторот со поддршка. Градинката не ги води како деца со попреченост, бидејќи нема информација дека оштетување на видот е една од категориите на попреченост. Состојбата е отежната бидејќи градинката нема стручен тим. Дополнително, иако е испратено барање, недостасува замена за воспитувач кој е веќе три месеци на породилно отсуство.

Покрај недоволниот број вработени, на градинките им недостасуваат услуги за рана интервенција на локално ниво. Градинка која е лоцирана во близина на град каде постои Завод за слух, говор и

глас, до пред три години добивала поддршка од логопеди од заводот. Во анкетниот прашалник градинката немаше пријавено деца со попреченост, поради отсуството на стручна служба и соодветна документација за децата. На теренската посета истакнаа дека бројот на деца со потешкотии во говорот воопшто не е занемарлив. Но, не треба да биде занемарлив и фактот што не добиваат никаква поддршка и што родителите не секогаш имаат средства да одат на третман во соседната општина каде се нуди оваа услуга. Градинката понекогаш, откако ќе ја согледа состојбата на семејството, не е во можност ни да ја препорача оваа услуга како опција за навремен третман.

Меѓу добрите практики кои беа забележани на терен, се вбројува работата на градинката „Димче Мирчев' во Велес, каде вработените успеале да најдат решение во однос на обезбедување услуги од страна на дефектолог.  Имено, градинката, лоцирана во шест објекти, со комплетен стручен тим во кој има вклучено двајца дефектолози, нуди услуги за деца со попреченост што ги нема на локално ниво. На семејства кои немаат вклучено деца во градинката, овозможено им е да користат дефектолошки третман, индивидуална работа со дефектолог, обезбеден од градинките. За децата со попреченост градинката има обезбедено просторија за сензорна интеграција, каде третманот го обезбедуваат двајца едукатори обучени за оваа метода на работа. Обуката била обезбедена од средства на градинката, а во подготовката и опремувањето на сензорната соба покрај градинката, средства се обезбедени и од донатори.

Освен услуги директно насочени кон децата со попреченост, потребни се услуги кои ќе ги опфатат родителите на деца со попреченост. Градинката „Фидани" од Скопје спроведува активности на македонски, албански и турски јазик и е пример за инклузивност од различни апекти. Парола на стручниот тим на градинката е „нема дете што не се адаптира има родители кои се откажуваат". Во контекст на оваа парола, во градинката функционира Советувалиште за родители кое нуди услуги за поддршка на родители.




# КЛУЧНИ НАОДИ ОД ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Општа констатација која произлегува од спроведеното истражување е дека предучилишното образование не ги нуди потребните услови и можности за прием и оптимален развој на секое дете. Во отсуство на механизам за системско идентификување, евидентирање и следење на децата со попреченост од најрана возраст, во голема мера се намалуваат можностите за рана стимулација, што го отежнува престојот на децата со попреченост во градинките, кој се сведува најчесто на згрижување, но не и на воспитна компонента и ран стимулативен развој. Исто така, законската регулатива не е целосно усогласена со одредбите на клучните меѓународни документи на ова поле: КПЛП, КПД и Декларацијата од Саламанка, па иако државата ја има ратификувано Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, постојат недостатоци во чекорите и активностите преземени за нејзина целосна имплементација. Недостасуваат јасни индикатори со кои ќе се следи примената и ефектите од примената на одредбите од овие документи.

Имено, добиените податоци посочуваат на непочитување или само делумно почитување на воспоставените стандарди за бројност на групите, соодветни просторни услови и опременост на градинките. Дел од градинките се градат на целосно непристапни места, а во руралните средини има недостатокот на градинки, што претставува загрижувачки факт, дотолку повеќе што токму во руралните средини значително е помал процентот на деца кои посетуваат предучилишно образование.[14] Покрај ова, на многу ниско ниво е свесноста за значењето на раниот детски развој и неопходната стимулација на „златното доба“ од развојот на детето, а и предучилишното образование не е издигнато на ниво на образование, па во оваа фаза е на ниво на згрижување и воспитание.

Нема поволна и стимулативна средина за вклучување на децата со попреченост во детските градинки, и се уште се присутни стереотипни сфаќања и предрасуди во однос на нивната инклузија меѓу другите деца, што за жал се надоврзува на констатациите добиени

14 Според Мултииндикаторското кластерско истражување МИКС, од 2011 година, процентот запишани деца на возраст од 3-6 години во предучилишна установа во урбаните средини бил 37, додека во руралните само 6.

од истражувањата за вклученоста на учениците со попреченост во основните и средните училишта. Притоа, една од причините за таквата состојба е и од системска природа. Недостатокот од рана интервенција, како значајна компонента од ланецот услуги кои се потребни за децата со попреченост, влијае на доцната процена и идентификување на попреченоста, на што се надоврзува и недоследната примена на законската обврска за доставување оцена и процена при уписот на децата со попреченост во градинка. Податоците собрани на терен упатуваат на тоа дека матичните здравствени работници, кои ги пополнуваат апликациите за упис со нивна белешка, поднесуваат документација која не ја отсликува реалната состојба на децата. Ова го наметнува прашањето за причините поради кои се поднесува неточна документација. На пример, дали се работи за недоволни знаења на матичните здравствени работници, дали е прашање на несоодветни практики во нивното работење, или пак причините се други?

Уписот на сите деца во градинка е во текот на целата година. Во однос на приемот констатација е дека има долги листи на чекање, кои како привремено решение го одолговлекуваат приемот во градинка, при што се пропушта дел од периодот за оптимален развој на детето. Постои непропорционалност помеѓу капацитетот за прием на деца и реалните потреби на децата и семејствата за упис во градинка, а недостасува поддршката од локалната самоуправа во овој дел, како и поддршка за инклузија од рана возраст. На тоа се надоврзува и потешкотијата со издвојување финансиски средства за креирање и уредување градинки по мерка на детето.

Од аспект на кадарот, се констатира недостаток на кадар,отсуство на стручна служба или некомплетна стручна служба , и потреба од проширување на знаењата и вештините на кадарот во однос на сфаќањето на концептот на попреченост и работата со деца со попреченост. Од анализата на собраните податоци и увидите на терен произлегува дека воспитувачите имаат тешкотии во работата со децата со попреченост, и тоа во неколку клучни аспекти, како при процената, евиденцијата и следењето на напредокот на децата со попреченост, така и при изработката на индивидуален план за работа. Не постои унифициран пристап кон ова прашање.

Стручните тимови во градинките генерално не се комплетни, односно постои недостиг од стручни служби во дел од градинките. Дополнително, онаму каде ги има не се доволни за да обезбедат континуирана поддршка на воспитувачите, да ги задоволат нормативите за работа со децата со попреченост и да излезат пресрет на нивните реални потреби. Освен неподготвеноста, констатирано е присуство на предрасуди, како и барање начини за избегување на одговорноста. Воспитувачите не ја прифаќаат улогата на клучни носители на инклузијата и сметаат дека децата со попреченост се одговорност на дефектологот. Покрај наведеното недостасуваат дидактички помагала и други нагледни средства, технологија и ресурси за работа со деца со попреченост, мали занимални наспроти голем број деца, непристапни влезови, занимални и тоалети прилагодени за деца со попреченост.

Генерално, забележано е многу слабо учество на родителите, во процесите кои претпочитаат нивно активно учество како партнери: процена на способности, можности и потреби, креирање индивидуален план и прилагодување на средината и ресурсите. Исто така, ниско е нивото на свесност за потребите од предучилишно воспитание за децата меѓу родители од руралните средини. Родителите на децата со попреченост не се доволно информирани да ја препознаат и соодветно да реагираат на попреченоста на своето дете. И кај нив постојат предрасуди, но и страв од колективната одбивност на нивните деца. Не постојат служби и услуги кои ги насочуваат и поддржуваат родителите во целиот процес. Резултатот е пропуштање на оптималниот период за развој на функции и способности.

Мал е бројот на позитивни примери на градинки, но истите не се доволно промовирани и искористени за подобрување на моменталната состојба, бидејќи инклузијата се сфаќа, често, низ призмата на финансиски средства. Позитивно е тоа што градинките можат да нудат услуги, што ги нема на локално ниво, а се особено значајни за децата со попреченост и нивните семејства. Раната интервенција може да се спроведува во рамки на градинките, од

страна на стручниот тим, и за децата со попреченост кои сеуште не се вклучени во градинка. исто така и советувалишната работа со родителите е значајна на локално ниво, а може да се спроведува од градинките, поради отсуството на сервисни служби за нивна поддршка. Иако постојат позитивни примери, сепак, за жал не се во голем број, и нивната пракса не е доволно промовирана и искористена во насока на подобрување на моменталната состојба во повеќето градинки.

Недостасуваат механизми за размена на искуства и соработка на различни нивоа на трансфер кои ги прави детето со попреченост. Соработката на градинките со основните училишта е сведена на индивидуален интерес и користење лични контакти во обезбедување значајни информации кои го вклучуваат развојното досие на детето, а правната регулатива во овој дел не е докрај јасна и остава простор за слободно толкување.



# ПРЕПОРАКИ

Народниот правобранител, со цел подобрување на процесот на предучилишно образование за сите деца ги дава следните препораки:

При уписот и приемот на децата доследно да се применуваат, како и да се дополнат, постоечките законски одредби кои го уредуваат ова прашање и да се обезбеди целосна документација од релевантна институција со која се опишува типот на попреченост и моменталната состојба на детето. За подобрување на овој процес потребно е надлежните органи од социјалната заштита да ја следат и да се вклучат во тековната реформа на процесот на утврдување на видот и степенот на попреченоста, согласно Меѓународната класификација на функционалност, попреченост и здравје.

За да се следи состојбата со децата со попреченост во градинките неопходно е да се воспостави  механизам за системско идентификување, евидентирање и следење на децата со попреченост во градинките.

Потребни се измени и дополнувања на законската регулатива за целосно усогласување на националното законодавство со клучните меѓународни документи на ова поле: КПЛП, КПД и Декларацијата од Саламанка. Овие измени да се подготват во партиципативен процес и консултации со лица со попреченост и нивните семејства, граѓанскиот сектор, воспитувачи и претставници од стручните служби од градинките, експерти и професионалци и слично. Да се избегнува листа на чекање како преодна форма за прием во градинка. Имајќи го предвид нискиот процент запишани деца во предучилишна установа на возраст меѓу 3 и 6 години, како и особено слабата опфатеност на оваа група деца во руралните средини, меѓу кои се и децата со попреченост, препорачуваме да се обезбедат доволен број објекти (предучилишни установи), како и центри за ран детски развој за опфат, соодветно згрижување и воспитание на децата, вклучитечно и на децата со попреченост.

При изградбата на нови или при реконструкција на постоечките објекти да се почитуваат воспоставените стандарди во однос на достапност и пристапност на објектите,  бројност на групите и број на деца со попреченост, обезбедување соодветни дидактички помагала и кадар кој ќе одговори на потребите на децата.

Почести работилници и презентации за способностите на децата со попреченост, но и нивните права, со вклучување на кадарот од градинките, родителите, претставници на локалната заедница и на ресурсните министерства.

Да се обезбедат етапни, но целосни, програми за едукација на воспитно-негувателскиот кадар во градинките со цел да ја сфати и прифати улогата и одговорноста на носител на инклузијата. Во тој контекст, Педагошките факултети да ја разгледаат можноста од промена на наставните планови и програми за да ја зајакнат вклученоста на инклузивното предучилишно образование. Системски да се реши потребата од обезбедување стручни тимови на ниво на сите градинки и да се прецизира нивната улога.

Исто така, да се воспостави јасен концепт и модел за улогата на дефектологот во стручните тимови на градинките. Да се утврдат потребите на градинките и да се прецизираат нормативи за индивидуална работа со деца со попреченост во однос на фреквенција и времетраење на активноста. Во сето ова да се искористат веќе воспоставени практики како позитивни примери.

Поголемо учество и поддршка на локалната самоуправа за децата како нејзини најмали граѓани, и во тој контекст да се да се изнајдат начини и механизми за да се зголеми свесноста на локалните самоуправи, семејствата,родителите и на целата локална заедница за значењето на предучилишното образование како клучен период за развој на личноста на детето.

Конечно, мора да се истакне и улогата на родителите—и оние на деца со попреченост, како и оние на деца без попреченост—во постигнувањето повисоко ниво на инклузија, не само во предучилишното образование, туку во општеството во целина. Овозможувањето континуирана поддршка за сите деца неизбежно наметнува потреба градинките да ги вклучуваат родителите во сите активности како нивни партнери. За да се постигне сето ова се препорачува преземање мерки во насока на јакнење на свеста на родителите и потенцирање на нивното значење како активни партнери на градинките. Посебно треба да се стимулираат родителите од рурални средини за да го сфатат значењето на предучилишното образование и да пристапат кон упис на своите деца во градинките. Да се обезбеди поддршка за родителите на децата со попреченост во моментите на надминување на стравот од колективна безбедност

и при прифаќање на потешкотиите на своето дете. Да се преземат мерки за задоволување на потребата од сервисни служби за поддршка на семејствата, при што да се разгледа можноста за искористување на капацитетите на стручните тимови и да се испочитува стандардот за креирање и постоење советувалишта во рамки на градинките.

Учењето од добрите практики не е доволно искористено. Народниот правобранител препорачува градинките да се поттикнуваат помеѓу себе преку презентација на позитивни промени, практики и примери, што ќе претставува извор на идеи за прагматични решенија во секојдневното работење, и поголема индивидуалната одговорност, посветеност и волја за промени. Преземените чекори од страна на некои работни тимови, што беа истакнати како добри примери, се доказ дека инклузијата не е прашање исклучиво на потреба од финансиски средства.. Потребата од дополнителна едукација произлезе како наод и во ова истражување. Несомнено, секоја можност за посета на обука или работилница на теми поврзани со инклузијата е добредојдена. Меѓутоа, не треба да се заборави дека учењето не еи не треба да бидеусловено од формата на предавање на знаењето. Почести неформални средби и/или посети за размена на искуства меѓу кадрите од градинките по однос на инклузијата, што ќе биде корисно за вработените, како и организирање на ефикасни отворени денови за родителите на децата, сослушување на нивните размилсувања, предлози и идеи за подобрување на состојбата со инклузивноста на децата со попреченост. Да се идентификуваат и промовираат успешните инклузивни практики и модели на градинките, како и да се воспостават механизми за размена на информации со училиштата во кои продолжуваат со образование децата со попреченост по завршување на градинката. Дополнително на ова, во законот да се прецизира одредбата за развојното досие на детето за да се избегне можноста од слободно толкување. Развојното досие по службена должност да го следи секое дете при уписот во училиште.

# ПРИЛОЗИ



# ПРИЛОГ 1

## ЛИСТА НА ДОКУМЕНТИ

Предмет на анализа во рамките на канцелариското истражување беа следните документи:

- Конвенција за правата на лицата со попреченост (Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност),
- Декларација од Саламанка на УНЕСКО за инклузивно образование,
- Конвенција за правата на детето,
- Закон за заштита на децата,
- Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејностана установите за деца, и
- Документот за вреднување на успехот на планираните активности од развојниот план.

# ПРИЛОГ 2

## ПРАШАЛНИК
## за предучилишните установи

**ГРАДИНКА:**

Во колку објекти (клонови) е распоредена Вашата градинка?

____________________________________________

Населено место:______________________________

Општина:___________________________________

## 1. ВЕ МОЛИМЕ НАВЕДЕТЕ ГО ВКУПНИОТ БРОЈ ЗАПИШАНИ ДЕЦА ВО ВАШАТА ГРАДИНКА И ОБЈЕКТИТЕ ВО ТЕКОВНАТА 2017/18 ГОДИНА И НИВНАТА СТРУКТУРА.

| | машки | женски | вкупно |
|---|---|---|---|
| Запишани деца | | | |
| Македонци | | | |
| Албанци | | | |
| Турци | | | |
| Роми | | | |
| Власи | | | |
| Срби | | | |
| Бошњаци | | | |
| Други | | | |
| Запишани деца со попреченост | | | |

## 2. ВЕ МОЛИМЕ НАВЕДЕТЕ ГИ БРОЈОТ И СТРУКТУРАТА НА ГРУПИТЕ ВО ВАШАТА ГРАДИНКА И ОБЈЕКТИТЕ ЗА ТЕКОВНАТА 2017/18 ГОДИНА.

| ВОЗРАСТ НА ДЕЦАТА | Вкупен број групи | Вкупен број деца во групите | Вкупен број на деца со попреченост во групите |
|---|---|---|---|
| до 12 месеци | | | |
| Полни 12 месеци до 18 месеци | | | |
| Над 18 месеци до две години | | | |
| Над две години до три години | | | |
| Над три години до четири години | | | |
| Над четири години до пет години | | | |
| Над пет години до шест години | | | |

2-а. Доколку во градинката има група со деца со попреченост, дали во групата се ангажирани повеќе вработени, односно дали во тие групи има повеќе воспитувачи и/или негуватели? Ве молиме накратко опишете.

______________________________

______________________________

## 3. ЕТНИЧКА СТРУКТУРА НА ВКУПНИОТ БРОЈ ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ГРАДИНКАТА (НАВЕДЕТЕ БРОЈ):

☐ Македонци: ____  ☐ Албанци: ____  ☐ Турци: ____
☐ Роми: ____  ☐ Срби: ____  ☐ Власи: ____
☐ Бошњаци: ____  ☐ Други: ____

**4.** КОЛКУМИНА ОД ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ВАШАТА ГРАДИНКА, КОИ СЕ РЕГИСТРИРАНИ ВО ТЕКОВНАТА 2017/18 ГОДИНА СЕ СООЧУВААТ СО СЛЕДНИТЕ ВИДОВИ ПОПРЕЧЕНОСТ (НАВЕДЕТЕ БРОЈ)?

☐ деца со интелектуална попреченост:
(пречки во психичкиот развој)

☐ деца со физичка попреченост:
(деца кои имаат тешкотии при движењето на рацете, нозете или целото тело, деца кои имаат церебрална парализа, деца кои користат помагала како, на пр., количка, одалки и сл.)

☐ деца со оштетен вид:
(оштетување од потежок вид кои го попречуваат детето да се вклучи и да учествува во активностите)

☐ деца со оштетен слух и/или говор
(оштетување од потежок вид кои го попречуваат детето да се вклучи и да учествува во активностите)

☐ деца со комбинирана попреченост:
(комбинација од повеќе видови попречености)

☐ деца со аутизам:
(аутистичен спектар на нарушувања)

☐ друго (Ве молиме наведете):

______________________________

______________________________

______________________________

**НАПОМЕНА:**

Ве молиме секое дете да го броите само еднаш. Ако во градинката има деца со комбинирана попреченост, заведете ги само во редот/графата - деца со комбинирана попреченост.

**Воедно Ве молиме и да опишете какви се комбинираните потешкотии односно попречености:**

______________________________

______________________________

______________________________

## 5. ДАЛИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ ВАШАТА ГРАДИНКА СЕ НАШЛА ВО СИТУАЦИЈА ДА НЕ МОЖЕ ДА ПРИФАТИ ДЕТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ?

☐ да ☐ не

**Доколку да, Ве молиме објаснете ги причините:**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

## 6. НА КОЈ НАЧИН ВАШАТА ГРАДИНКА ГИ ИДЕНТИФИКУВА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ? МОЖЕТЕ ДА ОЗНАЧИТЕ ПОВЕЌЕ ОД ЕДНА ОПЦИЈА:

☐ родителите доставиле на увид на градинката документ (т.е. наод за видот и степенот на попреченоста) од надлежна институција за попреченоста со која се соочува детето

☐ родителите усно ја известиле градинката за попреченоста со која се соочува детето

☐ преку проценка на стручниот тим, воспитувачите и родителите на детето

☐ преку проценка на стручниот тим и воспитувачите

☐ друго (Ве молиме наведете):

________________________________________

________________________________________

________________________________________

## 7. КОГА РОДИТЕЛИТЕ ЈА ПОПОЛНУВААТ АПЛИКАЦИЈАТА ПРИ УПИСОТ, КАКВО Е ВАШЕТО ИСКУСТВО ВО ОДНОС НА СООПШТУВАЊЕ И НАЈАВУВАЊЕ НА ПОПРЕЧЕНОСТА НА НИВНОТО ДЕТЕ?

☐ Во сите случаи досега, родителите приложиле наод и мислење од соодветна стручна институција за попреченоста на нивното дете

☐ Во најголем број случаи досега, родителите приложиле наод и мислење од соодветна стручна институција за попреченоста на нивното дете

☐ Во малку случаи досега, родителите приложиле наод и мислење од соодветна стручна институција за попреченоста на нивното дете

☐ Досега родителите никогаш не приложиле наод и мислење од соодветна стручна институција за попреченоста на нивното дете

☐ Друго (Ве молиме објаснете):

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

8. КАКВИ ПРИЛАГОДУВАЊА СЕ НАПРАВЕНИ ЗА ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ ФИЗИЧКА ПРИСТАПНОСТ НА ВАШАТА ГРАДИНКА (ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ СИТЕ ОБЈЕКТИ) ВО КОИ СЕ СПРОВЕДУВААТ АКТИВНОСТИ СО ДЕЦАТА? МОЖЕТЕ ДА ОЗНАЧИТЕ ПОВЕЌЕ ОД ЕДНА ОПЦИЈА:

☐ пристапна рампа на влезот на градинката и клоновите

☐ надворешен лифт (дигалка) на влезот во градинката и клоновите

☐ прилагодени занимални и други внатрешни простории во градинката (пример, просторија за индивидуална работа со деца со попреченост, пристапна фискултурна сала и сл.)

☐ прилагодени (пристапни) тоалети

☐ вграден внатрешен лифт за движење помеѓу спратовите на градинката и клоновите

☐ не се преземени посебни мерки околу пристапноста на објектот за децата со попреченост

☐ друго (Ве молиме наведете):

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

## 9. ДАЛИ ВАШАТА ГРАДИНКА РАСПОЛАГА СО ПРИСТАПНИ (ПРИЛАГОДЕНИ) ПЕДАГОШКО-ДИДАКТИЧКИ ПОМАГАЛА И НАГЛЕДНИ СРЕДСТВА (ПРИЛАГОДЕНИ ЕДУКАТИВНИ ИГРАЧКИ, СЛИКОВНИЦИ,КАРТИЧКИ И СЛИКИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА И СЛИЧНО)?

☐ да ☐ не

**Доколку да, Ве молиме наведете какви:**

________________________________________

________________________________________

## 10. ДАЛИ ВО РАБОТАТА СО ДЕЦАТА ВО ВАШАТА ГРАДИНКА КОРИСТИТЕ ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА?

☐ да ☐ не

**Доколку да, Ве молиме наведете каква/и:**

________________________________________

________________________________________

## 11. ДАЛИ СТРУЧНИОТ ТИМ НА ВАШАТА ГРАДИНКА ВКЛУЧУВА ДЕФЕКТОЛОГ?

☐ да, во градинката работи дефектолог со полно работно време

☐ да, во градинката работи „мобилен“ дефектолог (ангажиран во повеќе градинки)

☐ да, во градинката работи дефектолог – волонтер

☐ не

## 12. ВЕ МОЛИМЕ ОЗНАЧЕТЕ ГИ СТРУЧНИТЕ ПРОФИЛИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СТРУЧНИОТ ТИМ НА ВАШАТА ГРАДИНКА:

☐ педагог ☐ психолог ☐ социјален работник
☐ дефектолог ☐ логопед

☐ друго (Ве молиме наведете):

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**13.** ВО ПОГЛЕД НА ОСПОСОБЕНОСТА НА СТРУЧНИОТ ТИМ ЗА РАБОТА СО ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ, ВЕ МОЛИМЕ ОЗНАЧЕТЕ КОЈА ИЗЈАВА НАЈДОБРО ЈА ОТСЛИКУВА СОСТОЈБАТА ВО ВАШАТА ГРАДИНКА:

☐ стручниот тим е целосно оспособен за работа со деца со попреченост и нема потреба од дополнителни обуки

☐ стручниот тим континуирано ги унапредува знаењата и вештините за работа со деца со попреченост преку учество на обуки и семинари, за што постојат доволно можности

☐ стручниот тим има потреба од унапредување на знаењата и вештините за работа со деца со попреченост, но не постојат доволно можности за учество на обуки и семинари во оваа област

☐ унапредувањето на знаењата и вештините за работа со деца со попреченост не е приоритет за стручниот тим

**14.** ВО ПОГЛЕД НА ОСПОСОБЕНОСТА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ЗА РАБОТА СО ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ, ВЕ МОЛИМЕ ОЗНАЧЕТЕ КОЈА ИЗЈАВА НАЈДОБРО ЈА ОТСЛИКУВА СОСТОЈБАТА ВО ВАШАТА ГРАДИНКА?

☐ воспитувачите се целосно оспособени за работа со деца со попреченост и немаат потреба од дополнителни обуки

☐ воспитувачите континуирано ги унапредуваат знаењата и вештините за работа со деца со попреченост преку учество на обуки и семинари, за што постојат доволно можности

☐ воспитувачите имаат потреба од унапредување на знаењата и вештините за работа со деца со попреченост, но не постојат доволно можности за учество на обуки и семинари во оваа област

☐ унапредувањето на знаењата и вештините за работа со деца со попреченост не е приоритет за воспитувачите

### 15. НА КОЈ НАЧИН ЈА ЕВИДЕНТИРАТЕ И ДОКУМЕНТИРАТЕ РАБОТАТА СО ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ВАШАТА ГРАДИНКА? МОЖЕ ДА ОДБЕРЕТЕ ПОВЕЌЕ ОПЦИИ:

- ☐ за секое дете со попреченост се формира и функционира тим, којшто го вклучува и родителот на дете и којшто прави процена и се грижи за задоволување на потребите и можностите на детето;
- ☐ воспитувачите во чии групи има дете со попреченост, со поддршка од стручниот тим, прават процена, ги евидентираат и документираат постигнувањата на детето и потешкотиите на кои наидува;
- ☐ во нашата градинка не постои посебен начин на евидентирање и документирање на работата со децата со попреченост, со нив се применуваат истите процедури како и со останатите деца;
- ☐ нашата градинка не ги евидентира и документира активностите, потребите и можностите на децата со попреченост, и
- ☐ нема деца со попреченост во нашата градинка.

**Ве молиме наведете детали:**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**Дали Вашиот тим има развиено и дали применува посебни интерни процедури за процена, следење, евидентирање и документирање на напредокот и потешкотиите на децата со попреченост? Доколку одговорот е да, Ве молиме наведете што содржат овие процедури:**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**16.** КОИ СЕ НАЈГОЛЕМИТЕ ПОТЕШКОТИИ СО КОИ СЕ СРЕЌАВАТЕ ПРИ РАБОТАТА СО ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВКЛУЧЕНИ ВО ВАШАТА ГРАДИНКА? (МОЖЕ ДА ОДБЕРЕТЕ ПОВЕЌЕ ОПЦИИ).

☐ Вклучување на децата со попреченост во активности со останатите деца;

☐ Воспоставување комуникација и интеракција со децата со попреченост;

☐ Изработка на индивидуални планови за работа со децата со попреченост:

☐ Следење и евидентирање на напредокот на децата со попреченост;

☐ Сензибилизирање на останатите деца и нивните родители за потребите на децата со попреченост;

☐ Воспоставување комуникација и соработка со семејствата на децата со попреченост вклучени во групите во Вашата градинка.

☐ Друго:

________________________________________

________________________________________

**17.** ДАЛИ ЗА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ВАШАТА ГРАДИНКА СЕ ИЗРАБОТУВААТ И ПРИМЕНУВААТ ИНДИВИДУАЛНИ ПЛАНОВИ ЗА РАБОТА?

☐ индивидуален план се изработува и применува за секое дете со попреченост

☐ индивидуален план за децата со попреченост се изработуваат и спроведуваат од страна на дел од воспитувачите кои се обучени за тоа

☐ не се изработуваат и применуваат индивидуални планови за децата со попреченост

☐ нема деца со попреченост во нашата градинка

☐ Ве молиме наведете детали:

________________________________________

________________________________________

**Кои се клучните постигнувања и предизвици во поглед на подготовката и примената на индивидуални планови? Дали при изработката на индивидуалните планови ги вклучувате и родителите? Доколку ги вклучувате, во кој дел на изработката го правите тоа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Доколку не се изработуваат индивидуални планови, а во градинката има деца со попреченост, кои се причините за тоа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**18.** ДАЛИ ВАШАТА ГРАДИНКА ДОБИЛА ДОПОЛНИТЕЛНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД НАЦИОНАЛНИТЕ ИЛИ ОД ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ЗА ДА ГО УНАПРЕДИ ВКЛУЧУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА (2017/18)?

☐ да ☐ не ☐ нема ученици со попреченост во нашата градинка

**Доколку да, Ве молиме наведете за кои намени ги искористивте средствата:**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**19.** ВО ПОГЛЕД НА УЧЕСТВОТО НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ И СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ (ПРИРЕДБИ, ПРОСЛАВИ, ПОСЕТИ И СЛ.), ВЕ МОЛИМЕ ОЗНАЧЕТЕ ЈА ИЗЈАВАТА КОЈА НАЈДОБРО ЈА ОТСЛИКУВА СОСТОЈБАТА ВО ВАШАТА ГРАДИНКА?

☐ градинката ги осмислува и ги прилагодува дополнителните и слободните активности на начин што овозможува рамноправно учество на децата со попречност, согласно нивните лични интереси

☐ децата со попреченост учествуваат во дел од дополнителните и слободните активности, во кои можат да се вклопат со оглед на нивната попреченост

☐ децата со попреченост не учествуваат во дополнителните и слободните активности

☐ нема деца со попреченост во нашата градинка.

**20.** НА КОЈ НАЧИН НАЈЧЕСТО СЕ ОДНЕСУВААТ ДРУГИТЕ ДЕЦА КОН ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ (ОЗНАЧЕТЕ ЈА ОНАА ИЗЈАВА КОЈА НАЈДОБРО ЈА ОТСЛИКУВА СОСТОЈБАТА ВО ВАШАТА ГРАДИНКА?

☐ ги прифаќаат како рамноправни членови, им помагаат во активностите и се дружат со нив и надвор од градинката

☐ се однесуваат кон нив со почит, но интеракцијата е главно ограничена на активностите кои се спроведуваат во градинка

☐ постои ограничена комуникација, бидејќи децата без попреченост сметаат дека децата со попреченост не можат да учествуваат во истите игри и забави

☐ децата со попреченост не се прифатени и не учествуваат во социјалниот живот на нивните другари од градинка

☐ децата со попреченост се навредувани и исмевани од нивните врсници

☐ нема деца со попреченост во нашата градинка

☐ друго (Ве молиме наведете):

________________________________________________

________________________________________________

**21.** КАКВА Е НАЈЧЕСТАТА РЕАКЦИЈА НА РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦАТА БЕЗ ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ВРСКА СО ВКЛУЧУВАЊЕТО ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ГРАДИНКАТА?

☐ го поддржуваат нивното вклучување како рамноправни учесници и ги поттикнуваат своите деца да се дружат, да соработуваат и да ги поддржуваат децата со попреченост

☐ го прифаќаат нивното присуство

☐ немаат или не искажуваат став околу вклучувањето деца со попреченост

- ☐ не ја прифаќаат вклученоста на децата со попреченост, сметајќи дека тоа го намалува квалитетот и динамиката на активностите, но не преземаат иницијативи во врска со тоа
- ☐ активно преземаат иницијативи до градинката и други инстанци за испишување на децата со попреченост од групите на нивните деца
- ☐ нема деца со попреченост во нашата градинка
- ☐ друго (Ве молиме наведете):

______________________________________________

______________________________________________

## 22. СО КОИ ОПШТЕСТВЕНИ АКТЕРИ СОРАБОТУВАЛА ВАШАТА ГРАДИНКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВКЛУЧЕНОСТА НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ **(МОЖЕТЕ ДА ОДБЕРЕТЕ ПОВЕЌЕ ОПЦИИ)?**

- ☐ со други градинки
- ☐ со основните училишта
- ☐ со општината
- ☐ со други локални институции
- ☐ со националните образовни и други релевантни институции
- ☐ со граѓански организации
- ☐ градинката не соработувала со други актери

**Ве молиме накусо опишете ја  соработката и постигнувањата:**

______________________________________________

______________________________________________

## 23. КОЈА ОД НАВЕДЕНИТЕ ОПЦИИ НАЈБЛИСКУ ГО ОДРАЗУВА СТАВОТ НА ВАШАТА ГРАДИНКА ВО ВРСКА СО ИНКЛУЗИВНОТО ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ?

- ☐ инклузивното предучилишно образование е неопходно и е во најдобар интерес на сите деца
- ☐ инклузивното предучилишно образование е добра можност само за дел од децата со попреченост кои можат да се вклучат во активностите

☐ инклузивното предучилишно образование, во формата во која се спроведува кај нас, не е соодветна можност за децата со попреченост

☐ децата со попреченост не треба да се вклучуваат во предучилишно образование

**24.** ВЕ МОЛИМЕ ГРАДИРАЈТЕ ГИ СПОРЕД СТЕПЕН НА ВАЖНОСТ, ПОЧНУВАЈЌИ ОД НАЈМНОГУ ДО НАЈМАЛКУ ВАЖНО, ОД 1 ДО 7, ПРИОРИТЕТНИ ПОТРЕБИ КОИ, НАЈМНОГУ БИ ПРИДОНЕЛЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВКЛУЧЕНОСТА НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ВАШАТА ГРАДИНКА:

| ПРИОРИТЕТНА ПОТРЕБА | СТЕПЕН НА ВАЖНОСТ |
|---|---|
| ☐ вработување дефектолог | |
| ☐ обуки за воспитувачите за работа со деца со попреченост | |
| ☐ обука за стручниот тим за работа со децата со попреченост и обезбедување поддршка на воспитувачите за работата со нив | |
| ☐ подобрување на физичката пристапност на објектите | |
| ☐ обезбедување пристапни педагошко-дидактички помагала, нагледни средства и технологија | |
| ☐ обезбедување повисок износ наменски финансиски средства за градинките за задоволување на индивидуалните потреби на децата со попреченост | |
| ☐ измени на правната рамка | |

☐ друго, Ве молиме наведете:

________________________________________

________________________________________

**25.** ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ИЛИ ПРЕДЛОЗИ ВО ВРСКА СО РАБОТАТА СО ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ КОИ БИ САКАЛЕ ДА ГИ СПОДЕЛИТЕ:

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

**Име и презиме на пополнувачот:** ____________________

**Работна позиција во градинката** ____________________

**Контакт-информации на пополнувачот:**

тел.: ____________ мобилен:____________ e-mail: ____________

**Датум на пополнување:** ________________

**Потпис и печат:** ____________

**ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА СОРАБОТКАТА!**

# ПРИЛОГ 3

## ИЗВЕШТАЈ

**од посета на предучилишна установа и спроведено интервју**

**Датум на одржување:**

________________________

**Интервјуто го спровел:**

______________________________________________________________________________

**Интервјуирано лице / интервјуирани лица:**

**1. (име и презиме, работна позиција, контакт-информации)**

**2.**

**3.**

| ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНАТА УСТАНОВА | | |
|---|---|---|
| Полн назив на предучилишната установа | | |
| Населено место, општина | | |
| Регион | | |
| Број на клонови | | |
| Наставен јазик / јазици | ☐ македонски јазик<br>☐ турски јазик | ☐ албански јазик<br>☐ српски јазик |

## 1. КОЛКУ ВКУПНО ДЕЦА СЕ ЗАПИШАНИ ВО ВАШАТА ГРАДИНКА ВО ТЕКОВНАТА 2017/18 ГОДИНА?

| БРОЈ НА ДЕЦА | машки | женски | вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |

## 2. КОЛКУ ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ СЕ ЗАПИШАНИ ВО ВАШАТА ГРАДИНКА ВО СЕКОЈА ОД ВОЗРАСНИТЕ ГРУПИ ВО ТЕКОВНАТА 2017/18 ГОДИНА?

| БРОЈ НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО: | група | | | | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | До 11 месеци | 12-23 месеци | 24-35 месеци | 36-47 месеци | 48-59 месеци | 60-71 месеци | |
| | | | | | | | |

## 3. КОЛКУ ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ СЕ ЗАПИШАНИ ВО ВАШАТА ГРАДИНКА ВО ТЕКОВНАТА 2017/18 ГОДИНА, СПОРЕД ВИДОТ НА ПОПРЕЧЕНОСТ?

| ВИД НА ПОПРЕЧЕНОСТ | БРОЈ НА ДЕЦА |
|---|---|
| интелектуална попреченост | |
| физичка попреченост | |
| оштетување на видот | |
| оштетување на слухот и/или говорот | |
| комбинирана попреченост | |
| аутизам (аутистичен спектар на нарушувања) | |
| друго (доколку има, наведете) | |
| ВКУПНО: | |

**Користете ја терминологијата од анкетниот прашалник во поглед на видовите попреченост и дополнителните објаснувања. Накратко поразговарајте за состојбата на секое дете со попреченост за да се уверите дека соговорниците правилно го одредиле видот на попреченост.**

**4.** КАКВА Е ЕТНИЧКАТА СТРУКТУРА НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ЗАПИШАНИ ВО ВАШАТА ГРАДИНКА ВО ТЕКОВНАТА 2017/18 ГОДИНА?

| ЕТНИЧКА ЗАЕДНИЦА | БРОЈ НА ДЕЦА |
|---|---|
| Македонци | |
| Албанци | |
| Турци | |
| Роми | |
| Срби | |
| Власи | |
| Бошњаци | |
| друго (доколку има, наведете) | |
| ВКУПНО: | |

**Споредете ги добиените одговори со оние од анкетниот прашалник. Доколку постојат разлики, продолжете со прашањето 5 доколку не, преминете на прашањето 6.**

**5.** НА ШТО СЕ ДОЛЖАТ РАЗЛИКИТЕ ПОМЕЃУ СЕГАШНИТЕ ПОДАТОЦИ И ОДГОВОРИТЕ НА ГРАДИНКИТЕ ВО АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК? ДАЛИ СТАНУВА ЗБОР ЗА ПРОМЕНА ВО БРОЈОТ НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ИЛИ РЕВИДИРАЊЕ НА ПРОЦЕНКАТА НА ГРАДИНКАТА?

______________________________

______________________________

______________________________

**6.** НА КОЈ НАЧИН ГРАДИНКАТА УТВРДУВА КОИ СЕ ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ? КОИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ ГИ КОРИСТИ? НА КОЈ НАЧИН ГИ ОДРЕДУВА И ЕВИДЕНТИРА „ПОСЕБНИТЕ ПОТРЕБИ“ НА ДЕТЕТО?

______________________________

______________________________

______________________________

**7.** КОЛКУ СЕ ОТВОРЕНИ ВО СВОЈАТА КОМУНИКАЦИЈА РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ, КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА СООПШТУВАЊЕ НА НИВНАТА СОСТОЈБА? ДАЛИ ДОСЕГА СЕ СЛУЧИЛО РОДИТЕЛИТЕ ДА ВЕ ИЗВЕСТАТ ПРЕКУ ФОРМУЛАРОТ ЗА АПЛИКАЦИЈА, КОЈ ГО ПОПОЛНУВААТ ПРИ УПИС НА СВОЕТО ДЕТЕ, ЗА ПОПРЕЧЕНОСТА?

**8.** ВЕ МОЛИМЕ ОПИШЕТЕ СИТУАЦИЈА, ДОКОЛКУ СТЕ СЕ НАШЛЕ ВО ТАКВА СИТУАЦИЈА, ПРИ КОЈА ГРАДИНКАТА НЕ МОЖЕЛА ДА ПРИФАТИ ДЕТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ? КОИ БИЛЕ ПРИЧИНИТЕ? КАКО БИЛО ИСКОМУНИЦИРАНО ТОА СО СЕМЕЈСТВОТО?

**9.** КАКВИ ПРИЛАГОДУВАЊА СЕ НАПРАВЕНИ ЗА ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ ФИЗИЧКА ПРИСТАПНОСТ НА ГРАДИНКАТА? СО КАКВИ ПРИСТАПНИ **(ПРИЛАГОДЕНИ)** ПЕДАГОШКО-ДИДАКТИЧКИ ПОМАГАЛА И НАГЛЕДНИ СРЕДСТВА РАСПОЛАГА ГРАДИНКАТА? НА КРАЈОТ ОД ИНТЕРВЈУТО, ЗАМОЛЕТЕ ДА ГИ ВИДИТЕ ПРИЛАГОДУВАЊАТА НА ПРОСТОРОТ, ПРИСТАПНИТЕ ПОМАГАЛА И НАГЛЕДНИ СРЕДСТВА И ЗАБЕЛЕЖЕТЕ ГИ ВАШИТЕ КОМЕНТАРИ ВО ПОГЛЕД НА НИВНАТА СОСТОЈБА И ФУНКЦИОНАЛНОСТ.

**Наоди и забелешки од опсервацијата:**

**10.** КАКОВ Е СОСТАВОТ НА СТРУЧНИОТ ТИМ НА ГРАДИНКАТА? КАКВА Е НЕГОВАТА УЛОГА ВО РАБОТАТА СО ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ? ДАЛИ СТРУЧНИОТ ТИМ Е ОБУЧЕН ДА ЈА ИЗВРШИ ПРЕДВИДЕНАТА УЛОГА? СПОРЕД ВАС, КАКВА Е ОБУЧЕНОСТА?

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**11.** ДАЛИ ВОСПИТУВАЧИТЕ СЕ ПОДГОТВЕНИ ЗА РАБОТА СО ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ? КАКВИ ОБУКИ ДОБИЛЕ  ЗА РАБОТА СО ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ И КОЛКАВ БРОЈ НА ВОСПИТУВАЧИ ИМАЛЕ МОЖНОСТ ДА ПРИСУСТВУВААТ НА ИСТИТЕ ВО ИЗМИНАТИТЕ ТРИ ГОДИНИ?

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**12.** НА КОЈ НАЧИН ГРАДИНКАТА СОРАБОТУВА СО РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ? НА КОЈ НАЧИН ГРАДИНКАТА ОБЕЗБЕДУВА РЕДОВНА КОМУНИКАЦИЈА И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ СО НИВ? ДАЛИ И КАКО ГИ ВКЛУЧУВА ВО ПОДОБРУВАЊЕТО НА МОЖНОСТИТЕ ЗА НИВНИТЕ ДЕЦА? КОИ СЕ ПРЕДИЗВИЦИТЕ И МОЖНОСТИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ?

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**13.** НА КОЈ НАЧИН ГРАДИНКАТА ГИ ИЗВЕСТУВА НАДЛЕЖНИТЕ ЛОКАЛНИ И НАЦИОНАЛНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ИДЕНТИФИКУВАНИТЕ ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ? ДАЛИ ГРАДИНКАТА ДОБИВА ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВКЛУЧУВАЊЕТО НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ?

**14.** НА КОЈ НАЧИН ГРАДИНКАТА ГО ПОТТИКНУВА УЧЕСТВОТО НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ДОПОЛНИТЕЛНИ И СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ (ПРОСЛАВИ, ПРИРЕДБИ, ПОСЕТИ НА ОБЈЕКТИ И СЛ.)? АКО ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ НЕ УЧЕСТВУВААТ ВО ОВИЕ АКТИВНОСТИ, КОИ СЕ ПРИЧИНИТЕ?

**15.** КАКОВ Е ОДНОСОТ НА ДЕЦАТА БЕЗ ПОПРЕЧЕНОСТ КОН НИВНИТЕ ВРСНИЦИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ? КОИ СЕ ПРЕДИЗВИЦИТЕ? НА КОЈ НАЧИН ГРАДИНКАТА ГИ ПОТТИКНУВА ДЕЦАТА БЕЗ ПОПРЕЧЕНОСТ ДА ГИ ПРИФАТАТ И ДА ГИ ПОДДРЖАТ СВОИТЕ ВРСНИЦИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ?

**16.** КАКОВ Е ОДНОСОТ НА РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦАТА БЕЗ ПОПРЕЧЕНОСТ КОН ВКЛУЧУВАЊЕТО ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ГРУПИТЕ СО НИВНИТЕ ДЕЦА? КОИ СЕ ПРЕДИЗВИЦИТЕ, ДАЛИ ДОСЕГА ИМАЛО РЕАКЦИИ И ПОПЛАКИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕТО ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ? НА КОЈ НАЧИН ГРАДИНКАТА ГИ ПОТТИКНУВА РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦАТА БЕЗ ПОПРЕЧЕНОСТ ДА ГО ПОДДРЖАТ ВКЛУЧУВАЊЕТО НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ?

**17.** ДАЛИ ГРАДИНКАТА СОРАБОТУВА СО ДРУГИ ОПШТЕСТВЕНИ АКТЕРИ (ЛОКАЛНИ И НАЦИОНАЛНИ ИНСТИТУЦИИ, ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, БИЗНИС-СЕКТОР, МЕДИУМИ ИТН.) ВО НАСОКА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВКЛУЧЕНОСТА НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ? АКО ДА: СО КОИ АКТЕРИ? ВО ШТО СЕ СОСТОЕЛА СОРАБОТКАТА? КОИ СЕ ПОСТИГНУВАЊАТА? АКО НЕ, ДАЛИ ИМАЛО ОБИДИ ДА СЕ ВОСПОСТАВИ СОРАБОТКА? СО КОГО? ЗОШТО ОБИДОТ ЗА СОРАБОТКА НЕ БИЛ УСПЕШЕН? АКО ВООПШТО НЕМАЛО ОБИДИ ЗА СОРАБОТКА, КОИ БИЛЕ ПРИЧИНИТЕ ЗА ТОА?

**18.** КОИ СЕ ПРИОРИТЕТНИТЕ ПОТРЕБИ НА ГРАДИНКАТА ВО ПОГЛЕД НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВКЛУЧЕНОСТА НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ? ШТО БИ ТРЕБАЛО ДА СЕ ПОДОБРИ ЗА ДА СЕ ПОДОБРИ КАПАЦИТЕТОТ НА ГРАДИНКАТА ДА ПОНУДИ ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ?

**19.** ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ИЛИ ПРЕДЛОЗИ ВО ВРСКА СО РАБОТАТА СО ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ КОИ БИ САКАЛЕ ДА ГИ СПОДЕЛИТЕ?

**На крајот од интервјуто, заблагодарете се на соработката и оставете ги вашите контакт информации на соговорниците. Не заборавете да направите обиколка на прилагодувањата на објектот кои обезбедуваат физичка пристапност или да ги видите пристапни дидактички помагала, нагледни средства со кои располага градинката.**

**Коментари и забелешки за текот на интервјуто:**

Наведете коментари или забелешки кои се однесуваат на текот на самото интервју (динамиката, отвореноста на соговорниците и сл.) или на атмосферата во градинката, а кои не се опфатени во овој водич.

# ПРИЛОГ 4:

## ПРАШАЊА
ЗА ФОКУС ГРУПА СО РАКОВОДНИ ЛИЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ

| | |
|---|---|
| 1 | Колкав временски период сте на раководна позиција? Колку често во овој период се среќавате со прашања и теми поврзани со попреченоста? |
| 2 | Какво е Вашето искуство, како предучилишна институција, во однос на запишување и вклучување деца со попреченост? Доколку направите паралела, дали постои поголем интерес за упис сега, за разлика од пред десетина години? Доколку постои, на што мислите дека се должи оваа промена? |
| 3 | Со какви информации располагате во однос на бројот на деца со попреченост вклучени во Вашата градинка? На кој начин градинката утврдува кои се децата со попреченост? Кои извори на информации ги користи? На кој начин ги одредува и евидентира „посебните потреби“ на детето? |
| 4 | Дали досега сте се нашле во ситуација при која градинката не можела да прифати дете со попреченост? Кои биле причините? Како тоа било искомуницирано со семејството? |
| 5 | Какви мерки презимате за да се подобри физичката пристапност на градинката? |
| 6 | Дали градинката располага со потребните дидактички помагала и средства за работа со децата со попреченост? |
| 7 | Каква е Вашата перцепција во однос на прифаќањето на децата со попреченост од нивните врсници? Какви се најчестите реакции на врсниците кога во групата има дете со попреченост? |

| | |
|---|---|
| 8 | Каков е односот на родителите на децата без попреченост кон вклучувањето деца со попреченост во групите со нивните деца? Кои се предизвиците, какви реакции имало досега за вклучувањето деца со попреченост? |
| 9 | На кој начин ја поттикнувате инклузијата во градинката? Со кои методи влијаете на вработените, децата и родителите за да го прифатат и влијаат на процесот на вклучување деца со попреченост? |
| 10 | Сметате ли дека воспитувачите, негувателите и членовите на стручната служба се мотивирани за работа со деца со попреченост? Што е она што недостасува за да биде мотивацијата поголема? На кого би можеле да се повикате како поддршка во овој процес? |
| 11 | Дали досега сте соработувале со локалната самоуправа, граѓански организации, училишта, бизнис заедницата на активности за зголемување на свесноста и значењето на инклузијата во предучилишна возраст? |
| 12 | Дали досега сте присуствувале на настани, собири, конференции, на кои се дискутирало на оваа тема? Колку, според Вас, оваа тема е значајна и заслужува внимание? |
| 13 | Што сметате дека е најголем предизвик за успешна инклузија во предучилишна возраст? |
| 14 | На кој начин сметате дека може да се подобри вклучувањето деца со попреченост во предучилишното образование? |

# ПРАШАЊА
## ЗА ФОКУС ГРУПА СО РОДИТЕЛИ НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

| | |
|---|---|
| 1 | Во која градинка е вклучено Вашето дете? Во која група, според возраста? Зошто одлучивте да се запише во таа градинка? |
| 2 | Дали се соочивте со потешкотии при запишувањето на Вашето дете во градинка? Ако да, какви потешкотии? Дали е ова прва градинка во која е вклучено Вашето дете? |
| 3 | Како ја оценувате пристапноста на градинката во која е вклучено Вашето дете? Дали Вашето дете може да се движи низ целиот објект без поддршка? Ако не, кој му дава поддршка при движењето во градинка? |
| 4 | Дали Вашето дете работи според индивидуален план за работа? Ако да, дали воспитувачот/чите кои го изработија Ве консултираа при изработката? Какво е Вашето мислење за индивидуалниот план што го користи Вашето дете? Ако не, дали сметате дека на Вашето дете му е потребен индивидуален план? |
| 5 | Што мислите за поддршката што ја пружа стручниот тим на градинката? Дали Вашето дете ја добива потребната поддршка? |
| 6 | Како ја оценувате поддршката која детето ја добива од воспитувачите и негувателите? Дали детето ја добива потребната поддршка? |
| 7 | Како ја оценувате соработката и комуникацијата со градинката воопшто? |
| 8 | Дали стручниот тим се советува со Вас околу потребите и можностите на Вашето дете? Дали Ви даваат совети и насоки како да му помогнете и каде да се обратите за дополнителна поддршка? |

| | |
|---|---|
| 9 | Дали Вашето дете учествува во дополнителните и слободните активности (посети, прослави, приредби и сл.)? Во кои, на каков начин? Дали има некои дополнителни и слободни активности во кои Вашето дете сакало да учествува, но тоа не било овозможено? |
| 10 | Каков е односот на децата кон Вашето дете? Дали Вашето дете е прифатено од своите врсници во групата? Дали тие му помагаат во секојдневните активности? Дали Вашето дете се дружи со своите врсници од групата и надвор од градинката? |
| 11 | Каков е ставот на родителите на децата од групата на Вашето дете околу вклучувањето деца со попреченост во предучилишното образование? |
| 12 | Што сметате дека е најдобро за Вашето дете во градинка? |
| 13 | Што сметате дека е најголем предизвик за Вашето дете во градинка? |
| 14 | Каде планирате да го запишете Вашето дете по завршување со градинка? Каков избор ќе направите во однос на основното училиште? Врз основа на што ќе го направите изборот? |
| 15 | На кој начин сметате дека може да се подобри вклучувањето деца со попреченост во предучилишното образование? |

# ПРАШАЊА
## ЗА ФОКУС ГРУПА СО ВОСПИТУВАЧИ И ПРЕТСТАВНИЦИ НА СТРУЧНИ ТИМОВИ ВО ГРАДИНКИТЕ

| | |
|---|---|
| 1 | Дали сте работеле со деца со попреченост? Со каков тип попреченост се соочувале децата со кои досега сте работеле/работите? |
| 2 | Како идентификувате дека некое дете се соочува со попреченост? Како ги утврдувате посебните потреби на децата со попреченост? |
| 3 | Како ја оценувате Вашата подготвеност и обученост за работа со деца со попреченост? Дали досега сте посетувале обуки? Ако да, какви обуки сте посетиле, за кои теми? Кога и од кого биле испорачани? Како обуките Ви помогнале во секојдневната работа со деца со попреченост? За кои теми сметате дека Ви се потребни дополнителни обуки? Ако не, каков вид обуки Ви се потребни? |
| 4 | Дали изработувате индивидуални планови за работа за децата со попреченост? Доколку не, кои се причините за тоа? Доколку да, на кој начин го изработувате планот? На кој начин ги следите и евидентирате промените во развојот кај децата со попреченост? |
| 5 | Дали располагате со потребните ресурси (дидактичко-педагошки помагала, нагледни средства) за работа со деца со попреченост? Како ја оценувате својата способност да ги користите? Ако не, што недостасува? |
| 6 | Каква е улогата на стручните тимови во смисла на поддршка на воспитувачите кои работат со деца со попреченост? Наведете го Вашето искуство. |
| 7 | Како ја оценувате соработката со родителите на децата со попреченост во постигнување на целите од работата со нив? Колку често комуницирате со нив? Какви информации најчесто разменувате? Кој начин за комуникација го користите? |

| | |
|---|---|
| 8 | Дали обезбедувате вклученост на децата со попреченост во дополнителните и слободните активности (прослави, посети, приредби и сл.)? На кој начин го правите тоа? Ве молиме, наведете конкретни примери.. |
| 9 | Дали го поттикнувате прифаќањето на децата со попреченост од страна на нивните врсници? Какви активности превземате за таа цел? Ве молам накратко објаснете и наведете примери. Доколку досега не сте ги поттикнувале, како планирате да го направите тоа во иднина? |
| 10 | Дали го поттикнувате прифаќањето на децата со попреченост од страна на родителите на нивните врсници? Како го правите тоа? Доколку досега не сте ги поттикнувале, како планирате да го направите тоа во иднина? |
| 11 | Дали сметате дека предучилишното образование овозможува еднакви можности за децата со попреченост? Ве молам образложете. |
| 12 | Што сметате дека е Вашиот најголем успех во работата со децата со попреченост? На што се должи успехот? |
| 13 | Што сметате дека е најголемиот предизвик во Вашата работа со децата со попреченост? Како тој предизвик може да се надмине? |
| 14 | Дали ги следите децата со попреченост со кои сте работеле, по завршување на градинката? Каде го продолжуваат образованието? Дали воспоставувате соработка со училиштата во кои продолжуваат? За што најчесто Ве контактираат? |
| 15 | Кои се Вашите размислувања за можните начини да се унапреди инклузивноста на предучилишните установи? |